СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Четврток, 12 септември 1996 Скопје

Број 47 Год. LII

Аконтацијата за 1996 година изнесува 6.000 денари. Овој број чини 400 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

925.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА

Се прогласува Законот за авторското право и сродните права,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 септември 1996 година.

Број 08-3086/1
3 септември 1996 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

Претседател на
Собранието на Република
Македонија,
Тито Петковски, с.р.

ЗАКОН
ЗА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА

ГЛАВА ПРВА

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува правото на авторите над нивните дела од областа на книжевноста, науката и уметноста (во натамошниот текст: авторското право) и правата на изведувачите, на фонограмските и филмските продуценти, на радио и телевизиските организации и на издавачите (во натамошниот текст: сродните права), над нивните изведби и предмети на сродните права, како и остварувањето и заштитата на авторското право и сродните права.

Член 2

Во смисла на овој закон:

1. "Јавност", значи достапност на авторско дело, под еднакви услови, на неодреден број лица надвор од вообичаениот круг на семејството или личните познаници;

2. "Објавување", значи дека авторското дело станало достапно на јавноста, независно од начинот и формата на која тоа е направено;

3. "Репродукција", значи изработка на примерок од авторско дело, фиксирано на материјална подлога, независно од видот на подлогата на примерокот, бројот на примероците и постапката;

4."Дистрибуција", значи оригиналот или примерокот на авторското дело да се пушти во промет или да се понуди на јавноста заради продажба или друг вид пренос на сопственичко право, како и увоз на оригинал или примерок за натамошен промет;

5. "Издавање", значи репродукција на авторско дело во доволен број примероци и нивна дистрибуција;

6. "Изнајмување", значи оригиналот или примерокот на авторското дело да се даде на користење на определено време, заради непосредна или посредна економска корист;

7. "Јавно изведување", значи објавување во живо или преку технички средства на книжевно или музичко дело, како и објавување во живо на сценско дело;

8. "Јавно пренесување", значи изведба на книжевно, музичко или сценско дело да се објавува надвор од просторот или местото на изведувањето, независно од средството, начинот и постапката на пренесувањето (звучник, екран и слично);

9. "Јавно прикажување", значи преку технички средства да се објави кинематографско или друго аудиовизуелно дело или дело од областа на фотографијата, ликовната уметност, архитектурата, урбанизмот, применетата уметност, дизајнот, картографијата, како и дела од научна и техничка природа;

10. "Јавно изложување", значи објавување на оригинал или примерок на дело од ликовната уметност, на фотографско дело или на дело создадено во постапка слична на фотографската;

11. "Радиодифузно емитување", значи објавување на авторско дело преку радио и телевизиски програмски сигнали безжично, вклучувајќи сателит во кодирани или некодирани форми или жично, вклучувајќи кабловски или микробранов систем. Како радиодифузно емитување се смета и емитувањето преку телевизиски програмски сигнали по индивидуално барање (on demand);

12. "Радиодифузно реемитување", значи истовремено, во целина и непроменето објавување на радиодифузно емитувано дело, доколку го врши друга радио и телевизиска организација или доколку се работи за пренос по кабловски или микробранов систем, а се однесува на повеќе од сто кабловски приклучоци или доколку делото почетно се емитува од друга држава (кабловско реемитување) и

13. "Преработување", значи изворното авторско дело да се преведува, обработува, приспособува, аранжира или на друг начин да се преработи.

ГЛАВА ВТОРА

АВТОРСКО ПРАВО

Оддел 1
Авторско дело

Член 3

Авторско дело, во смисла на овој закон, е индивидуална и интелектуална творба од областа на книжевноста, науката, уметноста и од други области на творештвото, независно од видот, начинот и формата на изразување, доколку со овој закон не е поинаку определено.

За авторско дело се смета особено:

- пишано дело, како, книжевно дело, напис, статија, прирачник, брошура, научен труд, расправа и слично,
- компјутерска програма, како книжевно дело,
- говорно дело, како, говор, беседа, предавање и слично,
- музичко дело, со или без текст,
- драмско, драмско-музичко и куклено дело,
- кореографско и пантомимичарско дело, фиксирано на материјална подлога,
- фотографско дело и дело создадено во постапка слична на фотографската,
- кинематографско и друго аудиовизуелно дело,
- ликовно дело, како, слика, графика, скулптура и слично,
- архитектонско дело,
- дело од применетата уметност и дизајнот и
- картографско дело, план, скица, технички цртеж, проект, табела, пластично дело и друго дело со ист или сличен карактер од областа на географијата, топографијата, архитектурата или друга научна, образовна, техничка или уметничка природа.

Член 4

Составните делови на авторското дело, како и насловот на авторското дело, доколку сами по себе претставуваат индивидуална и интелектуална творба, уживаат иста заштита како и самото дело.

Не е дозволено, како наслов на авторското дело да се користи наслов што веќе бил употребен за дело од ист вид, доколку таквиот наслов би создал или би довел до создавање забуна во однос на авторското дело.

Член 5

Како авторско дело во смисла на овој закон, не се смета: идеја, концепција, откритие, службен текст од законодавна, извршна и судска област и нивен превод, кога е објавен како службен текст (во натамошниот текст: друго дело).

Член 6

Преработка на авторско дело, на друго дело и на дело од народното творештво, што претставува индивидуална и интелектуална творба, е самостојно авторско дело.

Со преработката на авторско дело не е дозволено да бидат засегнати правата на авторот на изворното дело.

Член 7

Збирка на авторски дела, на дела од народното творештво или на други дела, како што е: енциклопедија, антологија, зборник, база на податоци, збирка на документи и други збирки, што според изборот, намената или распоредот на содржината претставува индивидуална и интелектуална творба, е самостојно авторско дело.

Со внесувањето на изворно дело во збирка, не е дозволено да бидат повредени правата на авторите на тоа дело.

Со внесувањето на друго дело во збирка, тоа дело не станува авторско дело.

Член 8

Дела од народното творештво се користат согласно со овој закон.

Оддел 2
Автор

Член 9

Автор, во смисла на овој закон, е физичко лице кое создало авторско дело.

Член 10

За автор се смета лице чие име, псевдоним или ознака на вообичаен начин е означено на делото или е наведено при неговото објавување, додека не се докаже спротивното.

Во случај кога авторот не е познат, авторското право на објавено дело го остварува оној којшто го објавил делото.

Одредбата од став 2 на овој член престанува да важи кога идентитетот на авторот ќе биде утврден. Во тој случај, носителот на авторското право од став 2 на овој член е должен користа од авторското право да му ја пренесе на авторот, доколку со договор не е поинаку определено.

Член 11

Доколку авторското дело, создадено во соработка на две или повеќе лица, претставува неделива целина, на сите лица (во натамошниот текст: коавтори) им припаѓа неделиво авторско право на тоа дело.

Уделот на одделните коавтори се определува согласно со вистинскиот придонес што секој од нив го дал во создавањето на авторското дело, доколку со меѓусебен договор не е поинаку определено.

За користење на делото од став 1 на овој член заеднички одлучуваат сите коавтори, при што, ниеден од нив нема право да го спречи користењето на делото спротивно на принципите на совесност и чесност.

Доколку авторското дело, во смисла на став 1 од овој член, претставува делива целина, секој коавтор има авторско право на својот придонес во тоа дело.

Член 12

Во случај кога повеќе автори ги здружуваат своите дела заради заедничко користење, соодветно се применуваат одредбите од член 11 на овој закон.

Оддел 3
Содржина на авторското право

Пододдел 1
Општи одредби

Член 13

Авторското право му припаѓа на авторот врз основа на самото создавање на делото, независно дали делото е објавено.

Член 14

Авторското право е единствено право и неразделно од авторското дело, што содржи исклучиви личноправни овластувања (во натамошниот текст: морални права), исклучиви имотноправни овластувања (во натамошниот текст: материјални права) и други овластувања на авторот (во натамошниот текст: други права).

Пододдел 2
Морални права

Член 15

Моралните права го штитат авторот по однос на неговата индивидуална и интелектуална врска со делото.

Член 16

Авторот има исклучиво морално право:

- да одлучи дали, кога и како ќе биде прв пат објавено неговото дело;
- на признавање на авторството на своето дело;
- да одлучи дали при објавувањето на делото ќе се наведе неговото авторство и со каква ознака;
- да бара при секое користење на делото на вообичаен начин да биде наведено неговото име, псевдоним или друга ознака;
- на сочувување на целината на делото и да се спротивстави на секакво деформирање, сакатење или менување на неговото дело, односно да се спротивстави на секое користење на делото што може да ѝ наштети на неговата личност, чест и углед;
- да го измени делото, доколку со тоа не се нарушуваат правата стекнати од други лица и
- да го откаже правото на носителот на негово материјално право, согласно со овој закон.

Член 17

Авторот има исклучиво право да му го откаже правото на носителот на неговото материјално право, доколку за тоа има вистински морални причини и доколку претходно на носителот му ја надомести штетата што настанала заради тоа.

Носителот од став 1 на овој член, е должен, во рок од три месеци од приемот на откажувањето, да му ја соопшти на авторот висината на штетата што треба да се надомести. Доколку тоа не го стори, по истекот на рокот, откажувањето станува полноважно.

Со откажувањето на правото од став 1 на овој член, се гаси материјалното право на носителот.

Доколку авторот сака подоцна повторно да го пренесе материјалното право на своето дело, е должен, во рок од три години од полноважноста на правото на откажување, тој пренос првенствено и под исти услови да му го понуди на носителот од став 1 на овој член.

Одредбите од овој член не се однесуваат на компјутерска програма, аудиовизуелно дело, сценско дело и бази на податоци.

Пододдел 3
Материјални права

Член 18

Материјалните права ги штитат имотните интереси на авторот.

Користењето на авторското дело е дозволено кога авторот го пренел материјалното авторско право, согласно со овој закон и согласно со условите што ги определил, доколку со овој закон не е поинаку определено.

Член 19

Авторот има исклучиво материјално право да го користи своето дело и да дозволува или забранува користење на делото од други лица, особено за: репродукција, дистрибуција, изнајмување, јавно изведување, јавно пренесување, јавно прикажување, јавно изложување, радиодифузно емитување, радиодифузно реемитување и преработување.

Авторот на изворното дело има исклучиво право на користење на своето дело во преработен облик, доколку со овој закон или со договор не е поинаку определено.

Пододдел 4
Други права на авторот

Член 20

Авторот има право на пристап до оригиналот или до примерокот од своето дело што го поседува друг, заради остварување на правото на репродукција или правото на преработка на делото, доколку тоа не е во спротивност со оправданиот интерес на имателот.

Авторот има право да побара, имателот да му го предаде оригиналот на ликовното или фотографското дело заради јавно изложување или друг вид објавување, доколку за тоа постои оправдан интерес.

Предавањето на оригиналот од став 2 на овој член, може да се услови со полагање соодветна кауција или со осигурување во висина на пазарната вредност на оригиналот.

Авторот е должен пристапот и предавањето од ставовите 1 и 2 на овој член да го стори со што е можно помалку непријатности за имателот и на своја сметка. Во случај на оштетување на делото, одговорен е авторот, независно од неговата вина.

Член 21

Доколку оригиналот на ликовното дело и оригиналот (ракописот) на книжевното или музичкото дело е продаден или на друг начин оттуѓен, неговиот автор има право за тоа да биде известен и да добие надомест во износ од 3% од малопродажната цена од секоја наредна продажба (во натамошниот текст: право на следство).

За обврските од став 1 на овој член е одговорен сопственикот. Доколку оттуѓувањето е извршено преку галерист, организатор на јавна продажба или друг посредник, наведените лица солидарно се одговорни со сопственикот на делото.

Обврската за известување од став 1 на овој член, се однесува на податоци за насловите на оттуѓените дела, на податоци за сопственикот и посредникот, за малопродажната цена, како и на правото авторот соодветно да има увид во документацијата што ги содржи овие податоци.

Правото на следство не може да биде предмет на откажување, располагање и судско извршување.

Пододдел 5
Однос меѓу авторското и сопственичкото право

Член 22

Авторското право е независно и е во согласност со сопственичкото право или други права врз предмет, во кој е содржано авторско дело, доколку со закон не е поинаку определено.

Член 23

Пренесувањето одделни материјални права или други права на авторот на делото не влијае на сопственичкото право на предметот во кој е содржано авторско дело, доколку со закон или со договор не е поинаку определено.

Пренесувањето сопственичко право на предметот од став 1 на овој член, не влијае на моралните, материјалните или другите права на авторот на тоа дело, доколку со закон или со договор не е поинаку определено.

Член 24

Во заедничкиот имот на брачните другари влегува само имотната корист што потекнува од авторското право.

Член 25

Со првата продажба или друг вид пренесување на правото на сопственост на оригинал или примерок од авторското дело во Република Македонија, што се врши со изречна или премолчена согласност на носителот на правото, се смета дека е исцрпено правото на дистрибуција на тој оригинал или примерок на територијата на Републиката.

Член 26

Доколку сопственикот на архитектонски објект има намера тоа дело да го преработи, должен е таа преработка првенствено да му ја понуди на авторот на изворното дело, доколку истиот е жив и достапен на вообичаен начин.

Доколку авторот неоправдано ја одбие понудата од став 1 на овој член, сопственикот на делото стекнува право на преработка, но е должен да ги почитува моралните права на авторот.

Член 27

Доколку сопственикот на оригиналот на авторското дело, имајќи ги предвид околностите на случајот, претпостави дека авторот има интерес за негово сочувување, е должен таквиот оригинал да не го уништи, пред да му го понуди на авторот, а овој да му ја плати вредноста на материјалот од кој е изработен оригиналот.

Доколку враќањето на делото на авторот од став 1 на овој член не е можно, сопственикот е должен, на соодветен начин, да му овозможи на авторот изработка на копија од оригиналот.

Во случај кога авторското дело, во смисла на став 1 на овој член, е архитектонски објект, авторот има право да го фотографира делото, да му се овозможи пристап до делото за картографско снимање, односно премер на објектот и да побара на своја сметка да му бидат доставени фотокопии од проектите.

Оддел 4
Ограничувања на материјалното право

Член 28

Користење авторско дело без пренесување соодветно материјално право може да се врши само над објавено авторско дело, во случаи определени со овој закон, со надомест (во понатамошниот текст: законски дозволи) и без надомест (во понатамошниот текст: слободно користење).

Користењето од став 1 на овој член, се врши во согласност со намената и целта и вообичаеното користење на делото, но да не е повеќе од нужно спротивно на интересите на авторот.

При користењето од став 1 на овој член, се наведува изворот и авторот на делото, доколку тоа е наведено на користеното дело.

Пододдел 1
Законски дозволи

Член 29

Законски дозволено е користење авторско дело во следниве случаи:

- објавување, односно репродуцирање делови на авторски дела, како и дела од областа на фотографијата, ликовната и применетата уметност, архитектурата, дизајнот и картографијата, за наставни цели и
- објавување актуелни написи од дневен и периодичен печат во кој се расправа за општи прашања, доколку тоа авторот изрично не го забранил.

Член 30

Законски дозволено е, радио и телевизиски организации да вршат радиодифузно емитување на авторски дела снимени со средства за механичка репродукција или слични средства.

Пододдел 2
Слободно користење

Член 31

Во слободно користење е авторско дело заради стекнување информации од општо значење, за целите на наставата, за приватно или друго сопствено репродуцирање, цитирање и други случаи согласно со овој закон.

Член 32

Заради стекнување информации од општо значење слободно е објавувањето на:

- дела што се гледаат или слушаат во текот на известување за дневни настани,
- прегледи или извештаи на статии објавени во списанија и друг печат,
- јавни политички говори и јавни говори од расправи пред државни, верски и други органи и
- дневни новости и вести од печатот.

Член 33

За целите на наставата слободно е јавното изведување авторско дело:

- во вид на непосредна настава и
- на хуманитарни манифестации и на бесплатни училишни приредби, доколку учесниците на манифестациите, односно приредбите не добиваат надомест.

Член 34

Слободно е репродуцирање авторско дело најмногу во три примероци за:

- приватно користење од физичко лице под услов, примероците да не ѝ се достапни на јавноста и
- сопствено користење од страна на јавните установи (архиви, библиотеки, кинотеки, културни, образовни, научни и слични установи) под услов, репродукциите да се направени од сопствен примерок.

Репродуцирањето во смисла на став 1 од овој член, не се однесува на книжевно дело во обем на цела книга

(освен кога тиражот е исцрпен пред најмалку две години), на кинематографско и друго аудиовизуелно дело и фонограм, на графичко издание на музичко дело (освен со рачно препишување), на бази на податоци, на компјутерска програма, како и на архитектонски објект, доколку со овој закон не е поинаку определено.

Член 35

Заради појаснување, полемика и упатување, слободно е цитирање авторско дело во обем од најмногу една четвртина од цитираното дело.

Член 36

Авторското дело што не е од битно значење по однос на намената на некој предмет при искористувањето на тој предмет, е во слободно користење, како споредно.

Член 37

Слободно е преработување авторско дело, доколку се работи за:

- приватна или друга сопствена преработка, што не е наменета и не ѝ е достапна на јавноста,
- преработка во пародија или карикатура, доколку тоа не доведува до забуна по однос на изворот на делото,
- преработка при дозволено користење, што ја налага целта на користењето и
- преработка при дозволено користење, а спротивставувањето на авторот на преработката е во спротивност со начелото на совесност и чесност.

Член 38

Слободно е објавување авторски дела што се наоѓаат на јавни изложби, продажби, наддавања, саеми и слично, во каталози за таа цел, од страна на нивниот приредувач.

Член 39

Слободно е користење авторски дела што трајно се изложени во паркови, на улици, плоштади или други јавни места, освен кога користењето е во тродимензионална форма, за иста цел како и изворното дело и за постигнување економска корист.

Член 40

Слободно е користење авторско дело пред арбитражи, судски, управни или други државни органи, во обем што е неопходен за изведување докази.

Член 41

Слободно е користење авторско дело во обем што е неопходен да се провери работата при производство или продажба на фонограми или видеограми, апарати за нивно репродуцирање или објавување, како и опрема за прием на програми, во процес на нивно произведување и продавање.

Член 42

Слободно е користење дело од народното творештво.

При користењето од став 1 на овој член, се наведува изворот и потеклото на делото. Негово сакатење и недостојно користење, не е дозволено.

За остварување на правата од став 2 на овој член е надлежен Институтот за фолклор "Марко Цепенков" - Скопје.

Оддел 5
Траење на авторското право

Член 43

Авторското право трае до истекот на роковите утврдени со овој закон.

По исклучок на став 1 од овој член, одредени морални права траат и по истекот на рокот на траењето на авторското право, согласно со овој закон.

Член 44

Авторското право трае за време на авторовиот живот и 70 години по неговата смрт, доколку со овој закон не е поинаку определено.

Член 45

Кога делото го реализирале повеќе автори (коавтори), рокот на траење од член 44 на овој закон, се смета од смртта на последниот жив автор.

Член 46

Авторското право на анонимни и псевдонимни дела трае 70 години по законското објавување на делото.

Доколку псевдонимот не доведува до забуна за тоа кој е автор или доколку авторот, во рокот наведен во став 1 на овој член, го открие својот идентитет, се применува рокот од член 44 на овој закон.

Член 47

Авторското право на аудиовизуелни и колективни дела трае 70 години по законското објавување на делото.

Член 48

Кога рокот, според овој закон, не тече од смртта на авторот или авторите, а делото не било законски објавено во рок од 70 години од неговото создавање, авторското право трае 70 години по неговото создавање.

Член 49

Во случај кога рокот на траење на авторското право, според овој закон, се смета според законското објавување на делото, а делото е објавено во збирки, делови, продолженија и слично, рокот се смета посебно за секој составен дел.

Член 50

Небитните дополнителни измени на содржината на збирка не го продолжуваат времетраењето на заштитата на авторското право на збирката.

Како небитни дополнителни измени од став 1 на овој член, се сметаат додатоци, бришења или преиначување при изборот или распоредот на содржината на збирката, потребни за нејзино натамошно користење на начин што го определил авторот.

Член 51

Роковите на траење на заштитата на авторското право утврдени со овој закон, започнуваат да течат од 1 јануари од годината што следи по настанот, што е основа за пресметување на роковите.

Член 52

Моралното право на откажување од член 17 на овој закон, трае додека авторот е жив.

Моралните права за означување на авторството, за сочувување на целината на делото, како и за спроти-

вставување на неговото сакатење од член 16 алинеи 3, 4 и 5 на овој закон, траат и по истекот на роковите за траење на авторското право, утврдени со овој закон.

Член 53

Користењето на авторското дело е слободно по истекот на роковите за траење на авторското право, утврдени со овој закон.

Член 54

За остварување на правата од член 52 на овој закон, е надлежно соодветно здружение на автори и Македонската академија на науките и уметностите.

ГЛАВА ТРЕТА

ПРЕНЕСУВАЊЕ НА АВТОРСКОТО ПРАВО

Оддел 1
Општ дел

Член 55

Авторското право како целина е непреносливо.

Член 56

Авторот не може да ги пренесе моралните права на други лица.

За остварување на моралните права на авторот по неговата смрт, покрај наследниците, е надлежно и соодветното здружение на автори.

Член 57

Авторот може, со договор или на друг законски начин, да пренесе на други лица одделни материјални права и одделни други права на авторот, доколку со овој закон не е поинаку определено.

Пренесувањето материјални права или други права на авторот се врши во писмена форма, доколку со закон не е поинаку определено. Договорот за пренесување, што не е склучен во писмена форма, не произведува правни дејства.

Спорните или нејасните одредби на договорите од став 1 на овој член, се толкуваат во интерес на авторот.

Член 58

Одредбите од член 57 на овој закон за авторските договори во писмена форма, не се однесуваат на договор за објавување написи, цртежи или текстови во списанија, ревии или друг дневен и периодичен печат.

Член 59

Ништовен е договор, односно одредба на договор, со кој авторот на друго лице му ги пренесува:

- авторското право, како целина,
- моралните права,
- материјалните права врз свои идни дела и
- материјалните права на непознати видови користење на авторските дела.

Член 60

На договорите за пренесување на авторското право се применуваат прописите за облигационите односи, доколку со овој закон не е поинаку определено.

Член 61

Судско извршување над авторско право не е дозволено.

Судско извршување е можно само над имотната корист што произлегува од авторското право.

Судско извршување над недовршено авторско дело и над необјавен оригинал на авторско дело не е дозволено.

Член 62

Правата што според овој закон му припаѓаат на авторот, вклучувајќи го и правото на судска заштита, му припаѓаат и на друг носител на авторско право, во обем што со закон или со друг правен акт му се пренесени, доколку со овој закон не е поинаку определено.

Член 63

Со договорот од член 57 на овој закон, се пренесува исклучиво или неисклучиво материјално право.

Член 64

Исклучиво материјално право, во смисла на овој закон, е право, носителот на авторското право да го користи делото, при што од користење се исклучени авторот и било кое друго лице.

Неисклучиво материјално право, во смисла на овој закон, е право, носителот на авторското право, на договорен начин, да го користи делото покрај авторот или други носители.

Доколку авторот склучи договор за неисклучиво право пред склучувањето договор за исклучиво право, носител на правото е носителот на исклучивото право, доколку меѓу авторот и носителот на неисклучивото право не е поинаку договорено.

Член 65

Доколку со закон или со договор не е поинаку определено, се смета дека со договор е пренесено неисклучиво право, за територијата на Република Македонија и за време што е вообичаено за тој вид дела.

Доколку, во смисла на став 1 од овој член, не е определено кои одделни права се пренесуваат и во колкав обем, ќе се смета дека се пренесени оние права и во оној обем што е неопходен за постигнување на целта на договорот.

Член 66

Пренесувањето материјално право или друго право на авторот не влијае на пренесувањето на другите права, доколку со овој закон или со договор не е поинаку определено.

Пренесувањето на правото на репродукција не го содржи и правото на чување на делото во електронска форма, како и правото за тонско или визуелно снимање, доколку со закон или со договор не е поинаку определено.

При пренесувањето на правото на изнајмување на фонограми или видеограми, авторот го задржува правото на соодветен надомест при секое изнајмување. Од ова право авторот не може да се откаже.

Член 67

При пренесувањето на правото на репродукција, се смета дека е пренесено и правото на дистрибуција на примероците на тоа дело.

При пренесувањето на правото на радиодифузно емитување на дела, се смета дека на радио и телевизиската (во понатамошниот текст: РТВ) организација ѝ се пренесени и правата на:

- снимање на делото со сопствени средства и за сопствено емитување (ефемерни снимки) и

- доставување на ефемерните снимки до државен архив, доколку имаат исклучителна документарна вредност. За тоа организацијата без одлагање е должна да го извести авторот.

Член 68

Носителот кому му било пренесено материјално право или друго право на авторот, не може без дозвола на авторот, тоа право натаму да го пренесе на трети лица, доколку со закон или договор не е поинаку определено.

Доколку натамошното пренесување на правото е последица на статусните измени на носителот, негов стечај или редовна ликвидација, не е потребна дозволата од став 1 на овој член.

Доколку натамошното пренесување на правото е допуштено без дозвола на авторот, согласно со закон или договор, за авторските побарувања солидарна одговорност сносат претходниот и новиот носител.

Член 69

Во случај кога авторскиот надомест не е определен, надоместот се определува според вообичаеното плаќање за определен вид дела, според обемот и времетраењето на користењето и врз основа на други битни околности.

Доколку со користењето на авторското дело се остварува добивка, која е значително поголема од договорениот или определениот надомест, авторот има право да побара измена на договорот, што ќе му овозможи поправичен удел во добивката. Од ова право авторот не може да се откаже.

Член 70

Во случај кога надоместот е договорен, односно определен во зависност од остварената добивка од користењето на делото, корисникот на авторското дело е должен да води соодветни книги или друга евиденција, од која може да се утврди висината на остварената добивка.

Корисникот на авторското дело е должен да му овозможи на носителот на авторското право увид во евиденцијата од став 1 на овој член и да му доставува потребни извештаи за остварената добивка во вообичаен рок, доколку не е договорен друг рок.

Член 71

Авторот може да го повлече материјалното право, доколку носителот на исклучивото право во недоволна мера го остварува или воопшто не го остварува, а од тие причини интересите на авторот значително се оштетени.

Авторот не може да го оствари повлекувањето од став 1 на овој член, доколку од него потекнуваат причините за тоа.

Повлекувањето од став 1 на овој член, не може да се оствари пред истекот на две години од пренесувањето на материјалното право на делото, пред три месеци за прилог во дневен весник, односно пред една година за периодичен печат.

Авторот може да го оствари повлекувањето според овој член, доколку му понуди на носителот дополнителен рок за соодветно остварување на правото.

Со остварување на повлекувањето се гаси материјалното право на носителот.

Доколку начелото на правичноста го налага тоа, авторот е должен на носителот на правото да му исплати соодветен надомест на штета.

Авторот не може да се откаже од правото на повлекување според овој закон.

Оддел 2
Посебен дел за пренесување на авторското право

Пододдел 1
Издавачки договор

Член 72

Со издавачки договор авторот се обврзува да му го пренесе на издавачот правото на издавање на своето дело преку печатење во книжен облик, а издавачот се обврзува за тоа да му плати надомест и делото да го издаде.

Издавачкиот договор од став 1 на овој член, не го содржи правото на издавање на делото во електронски облик. За издавање на делото во електронски облик се склучува посебен договор.

Издавачот од став 1 на овој член, има право меѓу еднакви понудувачи, на првенство на издавање на делото во електронски облик. Правото на првенство изнесува три години од договорениот рок за издавање на делото во книжен облик. Издавачот писмено се изјаснува во рок од 30 дена од приемот на понудата од авторот.

Со издавачкиот договор може да се пренесе и правото на учебно издание, периодично издание, односно издавање во продолженија, преведување и слично.

Член 73

Издавачкиот договор содржи особено: вид на правата што се пренесуваат, нивниот обем и времетраење, територијата на која важат правата, рокот за издавање на делото и авторскиот надомест.

Во случај кога надоместот е договорен во процент од малопродажната цена на продадените примероци на делото, во договорот се утврдува нивниот минимален број при првото печатење. Оваа обврска не е задолжителна, доколку со договорот е утврден минимален надомест, што издавачот е должен да го плаќа, без оглед на бројот на продадените примероци.

Во случај кога надоместот е договорен во паушален износ, во издавачкиот договор се наведува тиражот. Доколку тој не е определен или не може да се утврди според целта на договорот, други околности или обичаи, издавачот може да го издаде делото во тираж од најмногу 500 примероци.

Член 74

Во времето на важење на издавачкиот договор, авторот не може да го пренесе правото на издавање на делото на ист јазик на други лица, доколку со договорот не е поинаку определено.

Правото на издавање новинарски написи на ист јазик, авторот може да го пренесе во исто време на повеќе корисници, доколку со договор не е поинаку определено.

Член 75

Доколку со издавачкиот договор не е поинаку определено, издавачот е должен, при наредните издавања, да му овозможи на авторот подобрување или измена на делото, под услов, тоа да не предизвика значителен трошок за издавачот и суштински да не го менува делото.

Член 76

Во случај кога делото, по доставувањето до издавачот, е уништено поради виша сила, авторот има право на надомест што би му припаднал, доколку делото било издадено.

Во случај кога поради виша сила е уништено целокупното подготвено издание, а пред да биде пуштено во промет, издавачот има право да подготви ново издание, а авторот има право на надомест само за уништеното издание.

Во случај кога поради виша сила е уништен дел од подготвеното издание, а пред да биде пуштено во промет, издавачот има право, без исплата на надомест да отпечати само толку примероци колку што биле уништени.

Член 77

Издавачкиот договор престанува во случај на:

- смрт на авторот пред завршување на авторското дело,
- исцрпување на тиражот на сите договорени изданија,
- истек на рокот на важење на договорот и
- други случаи утврдени со закон или договор.

Авторот може да го раскине издавачкиот договор, доколку издавачот, откако било исцрпено претходното издание, не издаде нови договорени изданија во рок од три години од денот кога авторот го побарал тоа, освен доколку со договор не е поинаку определено.

Се смета дека тиражот е исцрпен во смисла на овој закон, доколку бројот на непродадените примероци е помал од 5% од сите договорени изданија, а во секој случај доколку е помал од 100 примероци.

Во случај кога издавачот нема да го издаде делото во договорениот рок, авторот може да го раскине договорот и да бара надомест на штета, а воедно да го задржи добиениот надомест, односно да бара исплата на договорниот надомест.

Во случај кога рокот за издавање на делото не е утврден во договорот, издавачот е должен делото да го издаде во вообичаен рок, но најдоцна во рок од една година од денот на предавањето на ракописот.

Член 78

Кога издавачот има намера, по рокот од три години од договореното издавање на делото, да ги продаде непродадените примероци на делото како хартија за преработка, а во договорот не е определен подолг рок, е должен, примероците прво да му ги понуди на авторот за откуп, по цена што би ја добил од продажбата на примероците како хартија за преработка.

Пододдел 2
Договор за јавно изведување

Член 79

Со договор за јавно изведување авторот се обврзува да му го пренесе на корисникот правото за јавно изведување на своето дело, а корисникот се обврзува, за тоа, на авторот да му исплати надомест и делото јавно да го изведе.

Член 80

Договорот за јавно изведување содржи особено: вид, обем и времетраење на правата што се пренесуваат, територијата на која важат правата, начинот и рокот за јавното изведување на делото и авторскиот надомест.

Член 81

Корисникот е должен да му овозможи на авторот увид во јавното изведување на делото и да обезбеди соодветни технички услови за изведувањето, доколку со договор не е поинаку определено.

Член 82

Во случај кога корисникот јавно не го изведе делото во договорниот рок, авторот има право да го раскине договорот и да побара оштета, како и да го задржи веќе добиениот надомест, односно да бара исплата на договорениот надомест.

Пододдел 3
Договор за нарачка на авторско дело

Член 83

Со договор за нарачка на авторско дело, авторот се обврзува да го создаде нарачаното авторско дело и да му го достави на нарачателот, а нарачателот се обврзува за тоа да му исплати надомест.

Нарачателот има право да ја надгледува работата и да дава упатства, доколку со тоа не навлегува во правото на авторот за слободно творештво.

Авторот го задржува авторското право врз нарачаното дело, освен правото на дистрибуција, доколку со закон или договор не е поинаку определено.

Член 84

Колективно авторско дело (енциклопедија, зборник и слично) во смисла на овој закон, е авторско дело создадено по иницијатива и организација на правно или физичко лице како нарачател, а во соработка на поголем број автори, што се објавува и користи под име на нарачателот. За создавање колективно авторско дело се склучува посебен договор.

Се смета дека на нарачателот исклучиво и неограничено му се пренесени материјалните права и другите права на авторите на колективното дело, доколку со договор не е поинаку определено.

Пододдел 4
Авторско дело од работен однос

Член 85

Во случај кога авторското дело е создадено од работник при исполнување на своите работни обврски или по упатство на работодавецот (во натамошниот текст: авторско дело од работен однос), се смета дека материјалните права и другите права на авторот на тоа дело, исклучиво му се пренесени на работодавецот за време од десет години по завршувањето на делото, доколку со соодветен колективен договор, односно со договор за работа не е поинаку определено.

По истекот на рокот од став 1 на овој член, материјалните права и другите права му припаѓаат на работникот, со тоа што работодавецот може да побара нивно повторно исклучиво пренесување, доколку му плати на работникот правичен надомест.

Член 86

По исклучок на член 85 на овој закон:

- работникот го задржува исклучивото право да го користи авторското дело од работниот однос во рамките на своите собрани дела и
- се смета дека материјалните права и другите права на авторот на колективно дело и на бази на податоци се

исклучиво и неограничено пренесени на работодавецот, доколку со договор не е поинаку определено.

ГЛАВА ЧЕТВРТА

ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ЗА АВТОРСКИТЕ ДЕЛА

Оддел 1
Аудиовизуелно дело

Член 87

Аудиовизуелно дело, во смисла на овој закон, е кинематографски, телевизиски и видео филм, друго аудиовизуелно дело, како и друго дело изразено во вид на поврзани подвижни слики, со или без тон, без оглед на видот на носачот што ги содржи.

Член 88

Автори на аудиовизуелно дело, во смисла на овој закон, се: писателот на сценариото, главниот режисер и главниот снимател, а кај цртаниот филм и главниот цртач. Во случај кога музиката е суштински елемент на делото, за автор се смета и авторот на музиката.

Член 89

Цртачот, односно авторот на музиката, кога не се смета за автор на аудиовизуелното дело според член 88 на овој закон, како и сценографот, костимографот, монтажерот и авторот на маски, имаат авторско право само врз своите придонеси кон аудиовизуелното дело (во натамошниот текст: автори на придонеси).

Член 90

Филмски продуцент, во смисла на овој закон, е правно или физичко лице кое во свое име, за своја или туѓа сметка, води или организира производство на аудиовизуелно дело и е одговорно за неговото довршување.

Член 91

Право на аудиовизуелно приспособување е исклучиво право, изворното дело да се преработи во аудиовизуелно дело или да се вклучи во аудиовизуелно дело.

Со склучување договор за аудиовизуелно приспособување се смета дека авторот на изворното дело, исклучиво и неограничено му го пренесол на филмскиот продуцент: правото на преработка и вклучување на изворното дело во аудиовизуелно дело, своите материјални права и другите права на тоа аудиовизуелно дело, правото на негово преведување, аудиовизуелни преработки, како и на фотографиите создадени во врска со аудиовизуелното дело, доколку со договорот не е поинаку определено.

По исклучок од став 2 на овој член, авторот на изворното дело го задржува:

- исклучивото право на натамошна преработка на аудиовизуелното дело во друг уметнички вид;
- исклучивото право на нови аудиовизуелни приспособувања на изворното дело по истекот на десет години од склучувањето на договорот од став 2 на овој член и
- правото на соодветен надомест од филмскиот продуцент, за секое изнајмување видеограми со аудиовизуелното дело.

Авторот на изворното дело не може да се откаже од правата наведени во став 3 на овој член.

Член 92

Со договор за филмска продукција се уредуваат односот на филмскиот продуцент со авторите на аудиовизуелното дело и авторите на придонесите, како и односот меѓу самите автори, согласно со овој закон.

Со склучувањето на договорот за филмска продукција, се смета дека авторите, исклучиво и неограничено му ги пренесле на филмскиот продуцент сите свои материјални права и други права на аудиовизуелното дело, правото на превод, аудиовизуелната преработка, како и на фотографиите создадени во врска со тоа дело, доколку со договор не е поинаку определено.

Со склучување договор за филмска продукција, се смета дека авторите на придонесите, исклучиво и неограничено му ги пренесле на филмскиот продуцент правата за користење на придонесите за довршување на аудиовизуелното дело.

По исклучок на ставовите 1, 2 и 3 од овој член:

- авторите задржуваат исклучиво право на натамошни преработки на аудиовизуелното дело во некој друг уметнички вид,
- авторите на придонесите задржуваат право своите придонеси кон аудиовизуелното дело посебно да ги користат, доколку со тоа не се повредени правата на филмскиот продуцент и
- авторите го задржуваат правото на правичен надомест од филмскиот продуцент за секое изнајмување на видеограмите со аудиовизуелното дело.

Авторите и авторите на придонесите не можат да се откажат од правата наведени во став 4 на овој член.

Член 93

Авторите на аудиовизуелното дело имаат право на авторски надомест, посебно за секое пренесено материјално право или друго право на авторот.

Филмскиот продуцент е должен најмалку еднаш годишно да им доставува на авторите на аудиовизуелното дело извештај за остварениот приход и тоа посебно за секој вид дозволено користење на делото.

Член 94

Аудиовизуелното дело се смета за довршено кога, согласно со договорот меѓу главниот режисер и филмскиот продуцент, е завршена првата стандардна копија на делото, што е предмет на договорот.

Уништување на матрицата на копијата од став 1 на овој член не е дозволено.

Измени на копијата на аудиовизуелното дело од став 1 на овој член се можни само по претходна согласност на главниот режисер и филмскиот продуцент.

Во случај кога некој од авторите или авторите на придонесите нема да го заврши својот дел кон аудиовизуелното дело или поради виша сила тоа не може да го направи, нема право да се спротивставува дадениот дел да биде користен за негово довршување. За овој дел авторот ужива соодветно авторско право.

Член 95

Во случај кога филмскиот продуцент нема да го заврши аудиовизуелното дело во рок од пет години од склучувањето на договорот за филмска продукција или доколку не го дистрибуира завршеното аудиовизуелно дело во рок од една година по неговото довршување, авторите можат да го раскинат договорот, доколку не бил договорен друг рок.

Во случајот од став 1 на овој член авторите и авторите на придонесите го задржуваат правото на исплата на надомест.

Член 96

На договорот за аудиовизуелно приспособување и на договорот за филмска продукција, не се однесуваат одредбите на овој закон за правото на откажување од член 17 и за пренесување на правата од членовите 65 до 68 на овој закон.

Оддел 2
Компјутерска програма

Член 97

Компјутерска програма во смисла на овој закон, е програма во било која електронска изразна форма, вклучувајќи го и подготвителниот материјал за негова изработка, доколку е индивидуална и интелектуална творба на нивниот автор.

Идеите и концепциите што претставуваат основа за било кој елемент на компјутерската програма, вклучувајќи ги деловите од програмата што овозможуваат поврзување и интеракција меѓу елементите на програмската и машинската опрема (интерфејси), не уживаат заштита според овој закон.

Член 98

Во случај кога компјутерската програма е подготвена од работник при извршувањето на своите работни обврски или по упатство на работодавецот или кога е подготвена од автор врз основа на авторски договор за нарачка, се смета дека материјалните права и другите права на авторот на програмата, исклучиво и неограничено му се пренесени на работодавецот или нарачателот, доколку со договор не е поинаку определено.

Член 99

Доколку со членовите 100 и 101 од овој закон не е поинаку определено, авторот на компјутерската програма има исклучиво материјално право да ја користи програмата и да дозволува или забранува користење на програмата особено преку:

- репродуцирање, делумно или целосно, независно дали е времено или трајно и независно од средствата и формата, а што е потребно за внесување, прикажување, користење, пренесување или чување на компјутерската програма,
- преведување или било која друга преработка, како и репродуцирање на резултатите од таа преработка, без влијание на правата на авторот на преработката и
- дистрибуирање на оригиналот на компјутерската програма или нејзините копии во било каква форма, вклучувајќи го и правото на изнајмување.

Авторот може со договор да ги пренесе правата од став 1 на овој член на трети лица.

Член 100

Доколку со договор не е поинаку определено, законскиот корисник на компјутерската програма може без дозвола на авторот да ги врши дејствијата наведени во член 99 став 1 алинеи 1 и 2 на овој закон, вклучувајќи и исправка на грешките потребни за користење на компјутерската програма, согласно со нејзината намена.

Законскиот корисник на компјутерската програма може без дозвола на авторот да репродуцира најмногу две копии на програмата, доколку е тоа потребно за нејзино користење.

Законскиот корисник на копија на компјутерската програма може без дозвола на авторот да го проучува или тестира работењето на програмата, со цел да ги утврди идеите што се основна карактеристика на било кој елемент на програмата, доколку тоа го прави при внесот, прикажувањето, користењето, пренесувањето или чувањето, за што е овластен.

За компјутерските програми не важат одредбите за правото на откажување од член 17, како и за приватно или друго сопствено репродуцирање од член 34 на овој закон.

Одредбите од договорот што се во спротивност со ставовите 2, 3 и 4 на овој член се ништовни.

Член 101

За репродуцирање на кодот и за промена на неговиот облик, во смисла на член 99 став 1 алинеи 1 и 2 на овој закон, не е потребна дозвола на авторот, доколку тоа е потребно за добивање информации потребни за постигнување на интероперабилност на независно креирана компјутерска програма со други програми, под услов да се исполнети следниве услови:

- таквите дејствија да ги врши носител на дозвола или друг законски корисник или во нивно име, од нив, за таа цел, овластено лице,
- информациите потребни за постигнување интероперабилност да не биле претходно достапни на лицата од став 1 алинеја 1 на овој член и
- таквите дејствија да се ограничени само на оние делови од изворната програма што се потребни за постигнување интероперабилност.

Не е дозволено информациите добиени преку примена на став 1 од овој член да се:

- користат за други намени, освен за постигнување на интероперабилност на независно креирана компјутерска програма,
- отстапуваат на трети лица, освен кога тоа е потребно за постигнување на интероперабилност на независно креирана компјутерска програма и
- користат за развивање, производство или трговија со друга компјутерска програма, што во својот израз е слична во суштина или да се користат за било какво друго дејство со кое се повредува авторското право.

Одредбите од овој член не можат да се применуваат на начин кој во неразумна мера би го повредил авторското право или би бил спротивен на вообичаеното користење на компјутерската програма.

Одредби од договор што се во спротивност со овој член, се ништовни.

Член 102

Дистрибуција на копија на компјутерска програма или поседување копија на компјутерска програма за комерцијални цели, може да се врши само над дозволена копија.

Член 103

Одредбите од членовите 97 до 102 на овој закон, се применуваат независно од другите правни прописи за компјутерска програма (прописите за правата од индустриска сопственост, заштита на конкуренцијата, деловна тајна и слично).

ГЛАВА ПЕТТА

СРОДНИ ПРАВА

Оддел 1
Општи одредби

Член 104

Сродни права, во смисла на овој закон, се правата на уметниците -изведувачи над своите изведби и правата на фонограмските, филмските и сценските продуценти, на РТВ организации и на издавачите (во натамошниот текст: продуценти) над нивните фонограми, видеограми, сценски дела, емисии или изданија (во натамошниот текст: предмети на сродни права) определени со овој закон.

Член 105

Одредбите од овој закон за деловите на авторското дело, за содржината и дефинициите на материјалните права, за односите меѓу авторското право и сопственичкото право, за ограничувањата на материјалните права, за пресметување на траењето на авторското право и за пренесувањето на авторското право, соодветно се применуваат и на сродните права.

Член 106

Остварувањето и заштитата на сродните права, според овој закон, не влијае врз остварувањето и заштитата на авторското право.

Оддел 2
Содржина на сродните права

Пододдел 1
Права на изведувачите

Член 107

Уметници-изведувачи (во натамошниот текст: изведувачи), во смисла на овој закон, се: артисти, артисти-куклари, пеачи, музичари, играорци и други лица кои со игра, песна, танц, говорење, рецитирање или на друг начин, изведуваат авторски или фолклорни дела.

Како изведувачи, во смисла на овој закон, се сметаат и режисери на драмски претстави, диригенти на оркестри, раководители на хорови, мајстори на тон, како и вариететски и циркуски уметници.

Член 108

Изведувачи во состави, односно групи како, на пример: членови на оркестар, хор, танцов или драмски ансамбл или друг вид група, се должни да овластат еден од членовите за свој застапник, за давање дозволи потребни за изведување.

Овластувањето од став 1 на овој член, се дава во писмена форма и важи, доколку е дадено од мнозинството изведувачи во составот, односно групата од став 1 на овој член.

Одредбите од ставовите 1 и 2 на овој член, не се однесуваат на режисери на драмски претстави, диригенти и солисти.

Член 109

Изведувачите имаат исклучиво морално право, при најавата на изведбата, односно на секоја снимка и обвивка на снимка од тоа изведување, на вообичаен начин, да се наведе нивното име, псевдоним или друга ознака, и тоа за:

- индивидуална изведба, името на изведувачот и
- изведба на состав, односно група, името на составот, односно групата, на уметничкиот раководител и на солистот.

Член 110

Изведувачите имаат исклучиво морално право да се спротивстават на секакво деформирање, сакатење или менување на нивната изведба, односно да се спротивстават на секое користење на нивната изведба што може да наштети на нивната личност, чест и углед.

Член 111

Изведувачите имаат исклучиви материјални права да ја користат или да дозволуваат или забрануваат соодветно користење на својата изведба особено за:

- радиодифузно емитување на изведбата, освен кога изведбата сама по себе е радиодифузна, односно се емитува како снимка,
- пренесување на живата изведба преку звучник, екран или слична направа, надвор од просторот или местото на изведување,
- снимање на изведбата во живо,
- репродуцирање на снимката на изведбата на фонограми и видео-грами,
- дистрибуирање на фонограми и видеограми со изведбата и
- изнајмување на фонограми и видеограми со изведбата.

Во случај кога изведбата се остварува преку сценски продуцент, правата на изведувачите ги стекнува сценскиот продуцент согласно со овој закон, доколку со договор не е поинаку определено.

Член 112

Изведувачот има право на дел од надоместот што го добива фонограмскиот продуцент за објавување на фонограмот со неговата изведба.

Член 113

Со склучување договор за производство на фонограми или видеограми, се смета дека изведувачот, по однос на својата изведба, му ги пренел на фонограмскиот продуцент, односно на филмскиот продуцент правото на снимање, репродуцирање, дистрибуирање и правото на изнајмување, доколку со договор не е поинаку определено.

Независно од договорот од став 1 на овој член, изведувачот има право на соодветен надомест од фонограмскиот продуцент и од филмскиот продуцент за секое изнајмување.

Изведувачот не може да се откаже од правото утврдено во став 2 на овој член.

Член 114

Во случај кога некој од изведувачите нема да го доврши своето учество кон аудиовизуелното дело или доколку поради виша сила тоа не може да го направи, нема право да се спротивстави делот од учеството да биде користен за негово довршување. За овој дел изведувачот ужива соодветни права утврдени со овој закон.

Член 115

Во случај кога изведба реализира работник при исполнувањето на своите работни обврски или по

упатство на работодавец (изведба од работен однос), односите во врска со изведбата се уредуваат со соодветен колективен договор, односно договор за работа.

Член 116

Правата на изведувачот траат 50 години од денот на изведбата. Доколку во тој период снимката од изведбата е законски објавена, правата на изведувачот траат 50 години сметано од првото објавување.

Пододдел 2
Права на фонограмските продуценти

Член 117

Фонограмски продуцент, во смисла на овој закон, е физичко или правно лице што прво ќе ги сними звуците на некоја изведба или други звуци.

Член 118

Фонограмскиот продуцент има исклучиви материјални права своите фонограми да ги користи или да дозволува или забранува нивно користење за: репродуцирање, преработување, дистрибуирање и изнајмување.

Член 119

Во случај кога фонограмот, што бил издаден за комерцијални цели или неговата репродукција се користи непосредно за радиодифузно емитување, односно за било кој друг вид објавување, корисникот е должен при секое користење, да му плаќа на фонограмскиот продуцент соодветен еднократен надомест.

Фонограмскиот продуцент е должен на изведувачот на фонограмот да му исплати половина од надоместот од став 1 на овој член, доколку со договор не е поинаку определено.

Член 120

Правата на фонограмскиот продуцент траат 50 години од денот на извршеното снимање. Доколку во тој период фонограмот бил законски објавен, правата на продуцентот траат 50 години сметано од првото објавување.

Пододдел 3
Права на филмските продуценти

Член 121

Филмскиот продуцент од член 90 на овој закон има исклучиви материјални права да ги користи или да дозволува или забранува издавање видеограми од своето аудиовизуелно дело.

Член 122

Филмскиот продуцент има исклучиво право на репродуцирање, дистрибуирање, изнајмување и јавно прикажување на своите видеограми

Член 123

Правата на филмскиот продуцент траат 50 години од денот на завршувањето на снимката. Доколку во тој период видеограмот бил законски објавен, правата на филмскиот продуцент траат 50 години сметано од првото објавување.

Пододдел 4
Права на сценските продуценти

Член 124

Сценски продуцент, во смисла на овој закон, е правно или физичко лице кое во свое име организира подготвување и изведување на сценско дело.

Член 125

Сценскиот продуцент, доколку со договор не е поинаку определено, има исклучиви материјални права да ги користи или да дозволува или забранува користење на сценското дело за:

- радиодифузно емитување на сценското дело,
- пренесување на сценското дело преку звучник, екран или слична направа надвор од просторот или местото на изведување,
- снимање на сценското дело во живо,
- преработка на снимка на фонограм или видеограм,
- репродуцирање на снимката на сценското дело на фонограми или видеограми,
- дистрибуирање фонограми и видеограми на сценското дело и
- изнајмување фонограми и видеограми со сценското дело.

Член 126

Сценскиот продуцент има право на дел од надоместот што го добива фонограмскиот продуцент за објавување на фонограмот со сценското дело.

Член 127

Со склучување договор за производство на фонограми или видеограми, се смета дека сценскиот продуцент, по однос на делото, му ги пренел на фонограмскиот продуцент, односно на филмскиот продуцент правото на снимање, репродуцирање, дистрибуирање и правото на изнајмување, доколку со договор не е поинаку определено.

Независно од договорот од став 1 на овој член, сценскиот продуцент има право на соодветен надомест од фонограмскиот продуцент и од филмскиот продуцент за секое изнајмување.

Сценскиот продуцент не може да се откаже од правото утврдено во став 2 на овој член.

Член 128

Правата на сценскиот продуцент траат 20 години од денот на првото јавно изведување на сценското дело.

Пододдел 5
Права на РТВ организации

Член 129

РТВ организација, има исклучиви материјални права да ги користи или да дозволува или забранува користење на своите емисии за:

- радиодифузно реемитување, вклучувајќи и одложно емитување и емитување преку сателит,
- објавување на јавни места со наплата на влез,
- кабловска дистрибуција на своите емисии (истовремено или одложно),
- пренесување по индивидуално барање (on demand) на снимките на емисиите на индивидуални претплатници и јавен пристап до снимките на емисиите внесени во

компјутерски бази на податоци со посредство на линиска мрежа (on line),

- снимање,
- репродуцирање на снимките,
- дистрибуирање на снимките,
- фотографирање, репродуцирање и дистрибуирање на фотографиите од снимките,
- дистрибуирање сигнали на програмата пренесени преку комуникациски сателити од страна на други емитувачи, кабелски и други дистрибутери и
- увезување и дистрибуирање снимки на емисии или нивно репродуцирање во држава во која не е пропишана заштита на правата на РТВ организации.

Член 130

Правата на РТВ организации траат 50 години од денот на првото радиодифузно емитување.

Пододдел 6
Права на издавачите

Член 131

Правно или физичко лице што законски ќе издаде авторско дело во книжен облик (во натамошниот текст: издавач) има исклучиви права на своето издание, согласно со овој закон.

Издавачот има исклучиво право да дозволува или забранува неговите изданија да бидат репродуцирани од друго правно или физичко лице, под име на лицето по пат на фотографирање, копирање и било кој друг начин на умножување. Во случај да дозволи репродуцирање, на репродуцираното издание задолжително се наведува името, псевдонимот или ознаката на издавачот на користеното издание. Ова право не влијае на остварувањето на правото на авторот.

Член 132

Издавач кој прв пат законски ќе издаде необјавено дело врз кое истекло авторското право, ужива заштита еднаква на материјалните права и другите права на авторот утврдени со овој закон.

Член 133

Издавач кој ќе издаде објавено критичко или научно дело врз кое истекле авторските права, ужива заштита еднаква на материјалните права и другите права утврдени со овој закон.

Член 134

Правата од членовите 131 став 2, 132 и 133 на овој закон траат 25 години од законското издавање на делото.

ГЛАВА ШЕСТА

ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА

Оддел 1
Општи одредби

Член 135

Авторот може своите морални, материјални или други права да ги остварува лично или преку застапник.

Одредбите од оваа глава што се однесуваат на остварување на авторското право, односно авторот, соодветно се применуваат и на сродните права, односно на носителот на сродното право.

Член 136

Авторското право се остварува одделно за секое авторско дело (во натамошниот текст: индивидуално остварување) или доколку со овој закон е определено, заедно за повеќе авторски дела од повеќе автори (во натамошниот текст: колективно остварување).

Член 137

Остварувањето на авторското право преку застапник, го опфаќа застапувањето на авторот во:

- правните работи и односите со носителите на правата, односно корисниците на неговото дело, вклучувајќи го и прибирањето авторски надомест и
- постапките пред судовите и други органи заради заштита на неговото авторско право.

Оддел 2
Колективно остварување

Член 138

Колективното остварување на авторско право се врши само за објавено авторско дело.

Колективното остварување на авторско право содржи:

- пренесување неисклучиви права за користење авторско дело,
- прибирање и распределба авторски надоместоци од користењето на авторското дело и
- остварување заштита на правото пред судови и други органи.

Член 139

Колективно се остваруваат следниве права:

- јавно изведување несценско музичко и несценско книжевно дело (мали права),
- право на следство и
- кабловско реемитување на авторски дела, освен емитување од РТВ организации, независно дали се работи за нивните сопствени права или правата им се пренесени од други носители на права.

Член 140

Колективно може да се остваруваат и следниве права:

- репродуцирање на музички и книжевни дела на фонограми и видеограми (механички права),
- изнајмување на фонограми и видеограми,
- објавување, односно репродуцирање делови на авторски дела, како и дела од областа на фотографијата, ликовната и применетата уметност, архитектурата, дизајнот и картографијата, за наставни цели,
- објавување актуелни написи од дневен и периодичен печат во кој се расправа за општи прашања, доколку тоа авторот изрично не го забранил,
- репродуцирање, јавно прикажување и друго објавување дела во рамките на пропагандните емисии во траење до 60 секунди и
- репродуцирање на авторски дела изложени на јавни места, за комерцијални цели.

Член 141

Колективно остварување вршат здруженија на автори основани за таа цел (во натамошниот текст: здружение).

Здружението од став 1 на овој член, работи со непрофитна цел и може да врши само колективно остварување.

Со здружението управуваат членовите, во согласност со статутот на здружението.

Член 142

Статутот на здружението содржи особено одредби за:

- име, што не може да биде идентично со име на друго здружение,
- видови права што се остваруваат,
- услови за стекнување и престанок на членство,
- управување со здружението, во зависност од категориите на носители на авторски права (автори на изворно дело по видови и жанрови, автори на преработката, автори на преводот и слично, наследници, издавачи, работодавци), како и видови членство (редовно, вонредно, времено, почесно и друго),
- членарина според категории права и видови членства,
- права, должности и одговорности на членовите,
- органи на здружението, нивна надлежност, избор и разрешување,
- процедурални прашања,
- основни начела за распределба на авторските надоместоци меѓу авторите, односно носителите на правата,
- надзор врз финансиското и материјалното работење и
- начин на распределба на имотот на здружението во случај на негов престанок.

Член 143

Здружението се регистрира во надлежен орган, а почнува со работа по издадена дозвола од Министерството за култура.

Министерството за култура ја издава дозволата од став 1 на овој член, доколку здружението ги исполнува следниве услови:

- да има седиште во Република Македонија,
- да е отворено за сите автори,
- статутот да е во согласност со овој закон и
- да се обезбедува ефикасно и економично остварување на правата на целата територија на Републиката.

При утврдувањето на условите за ефикасно остварување на правата од став 2 алинеја 4 на овој член, Министерството за култура ги има предвид особено: бројот на авторите кои склучиле договор со здружението, обемот на користењето на авторските дела, односно бројот на можните корисници, начинот и средствата со кои здружението има намера да ги постигне своите цели, начинот и учеството на членовите во органите и одлучувањето, начелата за распределба на авторските надоместоци меѓу авторите, како и можностите за остварување на правата во странство.

Член 144

Министерството за култура издава дозвола на здружението врз основа на јавен конкурс што се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

За колективно остварување на утврдените права од членовите 139 и 140 на овој закон, за ист вид авторски дела, по правило се издава дозвола само на едно здружение.

Министерството за култура издава дозвола со решение, против кое е дозволена жалба. По жалбата одлучува Владата на Република Македонија.

Конечното решение од став 3 на овој член се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Член 145

Министерството за култура ќе ја одземе издадената дозвола, доколку здружението не ги остварува обврските утврдени со статутот и овој закон. Во тој случај Министерството за култура прво писмено го опоменува здружението и му определува рок од најмалку 30 дена за отстранување на утврдените неправилности.

За одземање на дозволата, Министерството за култура донесува решение, против кое е дозволена жалба до Владата на Република Македонија. Одземањето почнува да важи по истекот на 30 дена од денот на објавувањето на конечното решение во "Службен весник на Република Македонија".

Член 146

Здружението донесува општи акти и тарифи за користење на авторските дела.

Со договори меѓу здружението и корисниците можат да се утврдат и други посебни тарифи.

Здружението ги доставува тарифите до Министерството за култура на согласност. Тарифите, за кои е дадена согласност, се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија".

Член 147

Здружението донесува правилник за распределба на авторските надоместоци, во согласност со статутот и со овој закон.

Со распределбата се остварува принципот за поттикнување и помагање на творештвото.

За покривање на трошоците на здружението може да се користат најмногу 30% од прибраните авторски надоместоци.

Здружението го доставува правилникот од став 1 на овој член до Министерството за култура за согласност. Правилникот, за кој е дадена согласност, се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Член 148

Здружението го остварува авторското право врз основа на договор со авторот.

Договорот од став 1 на овој член ги содржи особено: овластувањето за остварување на правата, видот на делото, правото што се остварува, времетраењето на договорот и посебните права во случај на неостварување на договорот.

За времето, за кое, колективното остварување на авторското право според закон или со договор е пренесено на здружението, авторот нема право индивидуално да ги остварува тие права.

Правата од член 139 на овој закон, надлежното здружение ги остварува по сила на закон и независно дали е склучен договор со авторот.

Член 149

Здружението води постапки за остварување на авторското право пред судовите и други органи во свое име, а за сметка на авторот и за тоа е должно да го известува авторот.

Член 150

Доколку автор побара остварување авторско право од здружението, согласно со овој закон и со статутот на здружението, здружението не може да го одбие барањето.

Член 151

Здружението е должно, секогаш, на барање на авторот, да му дава податоци за остварување на неговото право.

На барање на корисникот, здружението е должно, согласно со своите акти, да склучува договори за пренесување неисклучиви права за кои е овластено да ги остварува.

Доколку странките од став 2 на овој член не се договорат за висината на надоместот, се смета дека соодветното право е пренесено, доколку оној којшто го бара, уплати на сметка на здружението или во судот, износ што здружението го пресметува според своја тарифа.

Член 152

Организаторот на културно-уметнички и забавни приредби, како и другите корисници на авторските дела, се должни, од соодветното здружение, претходно, да добијат дозвола за јавно изведување, односно објавување на авторските дела, во случаите наведени во овој закон, а во рок од 15 дена по изведувањето, односно објавувањето, на здружението да му доставаат преглед на сите изведени, односно објавени дела и да уплатат износ согласно со тарифата на здружението.

На барање на авторот или здружението, органот за внатрешни работи го забранува изведувањето, односно објавувањето на авторското дело, доколку организаторот претходно не добил дозвола согласно со став 1 на овој член.

РТВ организациите се должни еднаш месечно да му доставуваат на надлежното здружение прегледи на емитуваните авторски дела.

Сопственикот на оригиналните ликовни дела и ракописите на книжевни и музички дела, односно организаторот или посредникот на продажбата на овие дела, е должен да му доставува на надлежното здружение податоци за продадените дела, за продавачот и за малопродажната цена, во рок од 30 дена по извршеното продавање.

Член 153

Кога вршењето на определената дејност е поврзано со стекнување право од член 139 на овој закон, надлежниот орган за издавање дозвола за вршење на дејноста, нема да издаде дозвола, доколку вршителот на дејноста претходно не склучил договор со надлежното здружение.

Член 154

Секој член на здружението може, во рок определен со статутот, да побара увид во годишниот финансиски извештај и извештајот на надзорниот орган на здружението.

Мнозинството членови на здружението можат да побараат еден или повеќе надворешни независни стручни лица, да го прегледаат работењето на здружението.

Член 155

Надзор над колективното остварување на авторското право и на сродните права се врши согласно со овој и со друг закон.

Здружението е должно да го известува Министерството за кулура за склучување договори со здруженија на корисниците и за склучување договори со странски здруженија што вршат иста дејност, како и за измена на статутот.

Доколку Министерството за култура не се произнесе во рок од два месеци од доставувањето на актите определени со овој закон за кои е потребна согласност од Министерството, се смета дека согласноста е дадена.

ГЛАВА СЕДМА

ЗАШТИТА НА ПРАВАТА

Оддел 1
Општи одредби

Член 156

Лице, чии права според овој закон се повредени, може да побара заштита на правата и надомест на штета, доколку со овој закон не е поинаку определено.

Носителот на правото може да побара заштита од став 1 на овој член и кога се закануува вистинска опасност од повреда на правата според овој закон.

Член 157

Кога постојат повеќе носители на некое право од овој закон, секој од нив може да побара заштита на правото во целост.

Кога постојат повеќе сторители на повредата на некое право од овој закон, секој од нив одговара за повредата во целост.

Член 158

Се смета дека некое лице ги крши исклучивите права, според овој закон, кога произведува, увезува, поседува за комерцијални цели, дистрибуира, изнајмува или на друг начин користи било какви средства:

- чија единствена или претежна намена е неовластено отстранување или оштетување техничка опрема или компјутерска програма, што се користи како законска заштита од неовластено користење и
- што овозможува или помага, кога за тоа нема овластување, јавноста да прима кодирани радио или телевизиски програмски сигнали.

Оддел 2
Граѓанско-правна заштита

Член 159

Носител на правото, за повреда на правата од овој закон, може да побара:

- на тужениот да му се забранат подготовките за повреда, самата повреда што е во тек и идните повреди,
- тужениот да ја отстрани состојбата што настанала со повредата,
- да се уништат или преработат противправните примероци и амбалажата или изведбата и други предмети на заштита според овој закон,
- да се уништат или преработат матриците, негативите, плочите, калапите или други средства со кои повредата била извршена,
- да се уништи или преработи опрема што единствено или претежно е наменета за повреда на правата според овој закон, што е во сопственост на тужениот и
- пресудата да се објави на сметка на тужениот во јавните гласила во обем и на начин што ќе ги определи судот.

Одредбите од став 1 алинеи 2 и 3 на овој член не се однесуваат на архитектонски објекти, освен доколку уништувањето или преработката на објектот по однос на околностите на случајот се оправдани.

Носителот на правото може да побара тужениот или сопственикот, наместо барањата, да му ги отстапи примероците или средствата од став 1 алинеи 3 и 4 на овој член.

Член 160

Доколку материјално или друго право или сродно право, според овој закон, е повредено со намера или крајна небрежност, носителот на правото може да побара во граѓанска постапка исплата на договорениот или вообичаениот надомест за тој вид користење, зголемен за 200%, независно дали заради повредата претрпел имотна штета (граѓанска казна).

При одлучувањето по барањето за плаќање казна од став 1 на овој член и одмерувањето на нејзината висина, судот ќе ги има предвид сите околности на случајот, посебно степенот на вината на тужениот, износот на договорениот или вообичаениот надомест, како и превентивната цел на казната.

Доколку имотната штета е поголема од казната, носителот на правото има право да побара разлика до целосното обештетување.

Член 161

При повреда на морално право и при непостоење на имотна штета, судот може да пресуди на авторот или на изведувачот да им се исплати праведна парична оштета за претрпена повреда на неговата личност, чест и углед, односно за неимотна штета, доколку утврди дека околностите на случајот, посебно степенот на повредата и нејзиното траење тоа го оправдуваат.

Член 162

Доколку носителот на правото пријави дека дошло до повреда на неговото исклучиво право според овој закон, судот, на негов предлог, може да определи привремени мерки заради обезбедување непарични побарувања според овој закон, а особено:

- да се запленат, исклучат од промет и сочуваат примероци, средства, опрема и документи во врска со нив,
- да се забранат дејствија на евентуални повреди или нивно продолжување и
- да се донесат други слични мерки.

Доколку постои основано сомнение дека заштитата од став 1 на овој член подоцна не може да се оствари, судот може да ги изрече и да ги изврши мерките од истиот став, без претходно известување и сослушување на спротивната страна.

Постапката за привремени мерки е итна.

За постапката за донесување на привремени мерки се применуваат прописите за извршната постапка, доколку со овој закон не е поинаку определено.

Член 163

Доколку носителот на правото пријави дека неговото исклучиво право од овој закон е повредено и дека постои основано сомнение дека доказите за таа повреда ќе бидат уништени или дека подоцна не ќе може да се обезбедат, судот, на негов предлог, може да ги обезбеди тие докази без претходно известување и сослушување на спротивната страна.

Обезбедувањето на доказите од став 1 на овој член, може да опфати претрес, односно увид на просториите, документацијата, инвентарот, базите на податоци, компјутерските програми или други работи, преглед и одземање документи, сослушување сведоци, наоди и изјави од стручни лица.

Одлуката, со која е прифатен предлогот за обезбедување докази, заедно со предлогот, ѝ се врачува на спротивната страна при самото обезбедување на доказите, а доколку тоа не е можно, тогаш кога ќе биде можно. Приговорот против одлуката не ја одложува одлуката.

Постапката за обезбедување докази е итна.

За постапката за обезбедување докази се применуваат прописите за процесната постапка, доколку со овој закон не е поинаку определено.

Оддел 3
Мерки за обезбедување заштита

Член 164

Носителот на правото може да побара од лицата кои имаат било каква врска со повредата на правата според овој закон (произведувач, печатар, увозник, консигнатор или сопственик, односно имател на примероци, предмети на сродни права или средства со кои било повредено правото), без одлагање да му ги достават податоците и документите во врска со повредата.

Обврската од став 1 на овој член не се однесува на случаи кога се исполнети условите за повлекување изјава или одговор на одделни прашања во процесната постапка.

Доколку лицата од став 1 на овој член, не ги достават податоците или документите со кои располагаат, одговараат за надомест на штета што настанува заради недоставувањето.

Член 165

Доколку носителот на правото пријави дека со увоз на определена стока во државата, неговото исклучиво право според овој закон е повредено, царинските органи, на негово барање, можат да ги определат следниве царински мерки:

- носителот на правото или неговиот застапник да ја прегледа таа стока и
- стоката да се заплени, да се исклучи од промет или да се складира на безбедно место.

Со барањето од став 1 на овој член, носителот на правото е должен да им достави на царинските органи детален опис на стоката, потребни докази за своите исклучиви права и нивната веројатна повреда. На барање на царинските органи, носителот на правото е должен да положи кауција за штетата што би настанала со тие мерки.

Царинските органи се должни, за донесените мерки, веднаш да ги известат увозникот и примачот на стоката. Царинските органи ќе ги укинат донесените мерки, доколку носителот на правото во рок од десет дена не поднесе тужба или не започне некоја друга постапка за извршување на донесените мерки.

Член 166

Заради обезбедување докази или од други причини авторот, односно носителот на право според овој закон, може да регистрира и депонира оригинали или примерок на свое дело, фонограм, видеограм или предмет од некое друго свое право кај застапник, односно здружение.

Член 167

Носителот на исклучиво авторско право од овој закон, може да го означи оригиналот или примероците

од своето дело со ознака © пред своето име, псевдоним или ознака и годината на првото објавување.

Носителот на исклучиво право на фонограм според овој закон, може да го означи оригиналот или примероците на својот издаден фонограм или обвивките со ознака ℗ пред своето име, псевдоним или ознака и годината на првото објавување.

Доколку не се докаже спротивното, исклучивите права на делата, односно фонограмите, му припаѓаат на лицето означено согласно со ставовите 1 и 2 на овој член.

Одредбите од овој член немаат влијание врз настанувањето и заштитата на правата според овој закон.

Оддел 4
Казнени одредби

Член 168

Со парична казна од четири до 20 плати, ќе се казни за прекршок правно лице кое:

- без пренесување на соодветно материјално право од авторот, во случаи кога таквиот пренос е потребен според овој закон, репродуцира, дистрибуира, издава, изнајмува, јавно изведува, јавно пренесува, јавно прикажува, јавно изложува, радиодифузно емитува, радиодифузно реемитува, преработува или аудиовизуелно приспособува дело, односно примероци на делото или на друг начин неовластено користи авторско дело (член 19),
- без наведување на изворот и потеклото, со сакатење или на друг начин, недостојно користи дело од народното творештво (член 42 став 2),
- без наведување на името, псевдонимот или друга ознака на авторот или со нарушување на интегритетот на целината на делото или со деформирање или со друго користење дело на начин што може да наштети на личноста, честа и угледот на авторот, користи дело на кое истекла заштитата на авторското право (член 52 во врска со член 16 алинеи 4 и 5),
- не води соодветни книги или друга евиденција за висината на остварената добивка во случај кога надоместот е договорен или определен во зависност од остварената добивка или не овозможи увид во евиденцијата или не доставува извештаи за остварената добивка на носителот на авторското право (член 70),
- дистрибуира копија на компјутерска програма или поседува, за комерцијални цели, копија на компјутерска програма што е или може да се претпостави дека е недозволена копија (член 102),
- без пренесување на соодветно исклучиво право од носителот на сродно право (изведувачот или продуцентот) во случаи кога пренесувањето е потребно според овој закон, јавно изведува, репродуцира, дистрибуира или изнајмува снимки од изведбата, сценското дело, фонограмите, видеограмите или изданијата (членови 108, 111, 118, 122, 125, 131, 132 и 133),
- без пренесување на соодветно исклучиво право од РТВ организација, во случај, кога таквиот пренос е потребен според овој закон, снима, репродуцира, дистрибуира снимки од програмата или на друг начин користи снимки (член 129);
- одбие колективно остварување на авторско право и сродно право кога тоа ќе го побара носителот на авторско право или сродно право (член 150),
- не дава податоци за колективното остварување на авторско право и сродно право по барање на носителите на правата или не склучи договор за пренесување на неисклучивите права (член 151 ставови 1 и 2),
- произведува, увезува, поседува за комерцијални цели, дистрибуира, изнајмува или за друго користење, било какви средства, чија единствена или претежна намена е бесправно да се отстрани или оштети техничка опрема или компјутерска програма, што се употребува како законска заштита од неовластено користење (член 158, алинеја 1) и
- произведува, увезува, поседува за комерцијални цели, дистрибуира, изнајмува или на друг начин користи било какви средства, кои овозможуваат или помагаат јавноста да прима кодирани радио или телевизиски програмски сигнали, а која за тоа нема овластување(член 158 алинеја 2).

Со парична казна од една петтина до три плати ќе се казни и одговорното лице во правното лице и поединец кој врши самостојна дејност или професија, за прекршокот од став 1 на овој член.

Со парична казна од една десеттина до една половина од плата, ќе се казни и физичко лице за прекршокот од став 1 на овој член.

За прекршокот од став 1 на овој член, на правното лице, односно на поединецот кој врши самостојна дејност или професија, ќе му се изрече и заштитна мерка забрана на вршење на дејноста во траење од три месеци до една година, а на соодветното здружение ќе му се одзема дозволата за колективното остварување на авторското право и сродните права и заштитна мерка одземање на примероците на авторското дело од алинеја 1, копиите од компјутерската програма од алинеја 5, снимките на изведбата, односно сценското дело, како и фонограмите и видеограмите од алинеја 6, снимките на програмите од алинеја 7, како и средствата од алинеите 10 и 11 на овој член.

За прекршокот од став 1 на овој член, на физичко лице ќе му се изрече и заштитна мерка одземање на предметите од став 4 на овој член.

Член 169

Со парична казна од четири до десет плати, ќе се казни за прекршок правно лице кое:

- нема да му овозможи на авторот увид во јавното изведување на делото или нема да му обезбеди соодветни технички услови за изведувањето (член 81),
- на надлежно здружение нема да му достави во определен рок преглед, односно податоци за користените дела (член 152 ставови 1 и 3) и
- на надлежно здружение нема да му достави во определен рок податоци за продадени оригинали на ликовни дела и ракописи на книжевни и музички дела, за продавачот на оригиналите и ракописите (член 152 став 4).

Со парична казна од една петтина до две плати, ќе се казни и одговорното лице во правното лице и поединец кој врши самостојна дејност или професија, за прекршокот од став 1 на овој член.

Со парична казна од една десеттина до една половина од плата, ќе се казни физичко лице, за прекршокот од став 1 на овој член.

За прекршокот од став 1 на овој член, на правното лице, односно на поединецот кој врши самостојна дејност или професија, ќе му се изрече заштитна мерка забрана за вршење на дејноста во траење од три месеци до една година.

Оддел 5
Надзор

Член 170

Управен надзор над остварувањето на овој закон врши Министерството за култура, согласно со овој и со друг закон.

Кога овластено лице (во натамошниот текст: инспектор) при вршење на надзорот основано се посомнева дека е направен прекршок, со решение привремено ги одзема предметите што биле користени или наменети за извршување на прекршокот или биле создадени со прекршокот, согласно со овој закон.

Инспекторот, предметите што привремено ги одзел, истовремено со предлогот за поведување постапка за прекршок ги предава на надлежниот орган за прекршочна постапка.

ГЛАВА ОСМА
ВАЖЕЊЕ НА ЗАКОНОТ

Член 171

Заштита според овој закон уживаат автори и носители на сродни права кои се државјани на Република Македонија односно имаат свое седиште во Републиката.

Странски автори и странски носители на сродни права уживаат еднаква заштита како и лицата од став 1 на овој член, доколку така е определено со меѓународен договор или со овој закон или ако постои фактички реципроцитет.

Независно од другите одредби од Глава осма на овој закон, странците уживаат заштита по овој закон во однос на моралните права во сите случаи, а во однос на правото на следство, под услов на фактички реципроцитет.

Реципроцитетот го докажува оној којшто се повикува на него.

Член 172

Заштита според овој закон уживаат странски автори:

- кои имаат престојувалиште во Република Македонија,
- на дела што прв пат се објавени во Републиката или објавени во Републиката во рок од 30 дена од денот кога биле прв пат објавени во друга држава,
- на аудиовизуелни дела, чиј продуцент има свое седиште или престојувалиште во Републиката и
- на архитектонско или ликовно дело, кое како недвижност, односно негов составен дел се наоѓа на територијата на Републиката.

Доколку авторското дело го создале повеќе автори, заштита по овој закон уживаат сите автори, доколку најмалку еден од нив исполнува еден од условите од став 1 на овој член.

Член 173

Заштита по овој закон уживаат странски изведувачи:

- кои имаат престојувалиште во Република Македонија,
- чии изведби се остварува на територијата на Републиката,
- чии изведби се снимени на фонограми, што уживаат заштита според овој закон и
- чии изведби се преземени во емисиите на РТВ организации, но не со цел да бидат снимени на фонограми, што уживаат заштита според овој закон.

Доколку во изведбата учествуваат повеќе изведувачи, заштита според овој закон уживаат сите, доколку најмалку еден од нив е државјанин на Република Македонија или има престојувалиште во Републиката.

Член 174

Заштита, според овој закон, уживаат странски произведувачи на фонограми и филмски продуцент, чиј фонограм или видеограм е прв пат снимен во Република Македонија.

Заштита, според овој закон, ужива странски издавач во однос на своите сродни права, доколку изданието било првпат издадено во Републиката или било издадено во Републиката во рок од 30 дена од денот кога било првпат издадено во друга држава.

Член 175

Заштита, според овој закон, ужива странска РТВ организација што ги пренесува своите програми преку предаватели што се наоѓаат на територијата на Република Македонија.

Член 176

За странски носители на сродни права, кои уживаат заштита според овој закон, важат роковите за времетраење на тие права согласно со овој закон, а истекуваат најдоцна до денот до кога трае заштитата во државата чиишто се државјани или во која имаат седиште, но не подолго од роковите утврдени со овој закон.

Член 177

Заштита, според овој закон, ужива странски автор и странски носител на сродно право, чие дело, изведба или предмет на сродно право е објавено во Република Македонија преку сателит, доколку соодветни програмски сигнали во непрекинат комуникациски синцир, што води до сателитот и назад до земјата во Републиката, се внесени под контрола на надлежна РТВ организација.

Заштита, според овој закон, се остварува независно дали е исполнет условот од став 1 на овој член, доколку:

- во Републиката се наоѓа приемно-отпремна станица, од која се пренесуваат програмските сигнали или
- РТВ организацијата што нарачала емитување преку сателит е со седиште во Републиката.

Член 178

Авторите и носителите на сродни права, кои немаат државјанство или чие државјанство не може да се утврди - апатриди, уживаат еднаква заштита според овој закон како и државјаните на Република Македонија, доколку имаат престојувалиште во Републиката.

Лицата од став 1 на овој член кои немаат престојувалиште во Републиката или доколку тоа не може да се утврди, но имаат нужно сместување во Републиката, уживаат еднаква заштита како државјаните на Републиката.

Лицата од став 1 на овој член кои немаат ниту престојувалиште ниту нужно сместување во Република Македонија, во Републиката уживаат еднаква заштита како државјаните на државата во која имаат престојувалиште или нужно сместување.

Одредбите од овој член се однесуваат и на странски автор и на странски носител на сродни права, кои според

меѓународните договори или прописите на Република Македонија, има статус на бегалец.

ГЛАВА ДЕВЕТТА

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 179

Министерството за култура го распишува конкурсот од член 144 на овој закон заради издавање дозвола за колективно остварување на авторското право и сродните права, во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Доколку врз основа на конкурсот од став 1 на овој член не издаде дозвола, Министерството може да издаде привремена дозвола за колективно остварување на определени права, на правно лице што не ги исполнува условите од член 142 на овој закон. Во привремената дозвола се определува рокот и условите за привремено колективно остварување.

Член 180

Здружение што пред донесувањето на овој закон колективно ги остварувало авторските права од членовите 91 и 93 на Законот за авторското право ("Службен лист на СФРЈ" број 19/78, 34/78, 24/86, 75/89 и 21/90), може да продолжи со работа без дозвола на Министерството за култура, сè додека Министерството за култура не издаде дозвола за колективно остварување на истите права на друго здружение што ги исполнува условите од овој закон.

Тарифите, односно правилниците на здружението од став 1 на овој член донесени пред влегувањето во сила на овој закон врз основа на членот 91-а од Законот за авторското право ("Службен весник на СФРЈ" број 19/78, 34/78, 24/86, 75/89 и 21/90), се доставуваат до Министерството за култура во рок од 30 дена по влегувањето во сила на овој закон, заради согласност.

Член 181

Одредбите на овој закон за надомест за објавување фонограми (членови 112 и 119) ќе се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 182

Одредбите на овој закон не се однесуваат на договори или дејствија за користење што биле склучени или извршени пред неговото влегување во сила, доколку со овој закон не е поинаку определено.

Член 183

Одредбите на овој закон за компјутерски програми и бази на податоци се применуваат и за компјутерски програми и бази на податоци создадени пред денот на неговото влегување во сила, доколку со тоа не се посега во договорите и правата склучени или стекнати до тој ден.

Член 184

Овој закон се применува за сите авторски дела и изведби на изведувачи, што во моментот на неговото влегување во сила уживале заштита врз основа на Законот за авторското право ("Службен лист на СФРЈ" број 19/78, 34/78, 24/86, 75/89 и 21/90).

Овој закон се применува и на предмети на сродни права, доколку до денот на влегувањето во сила на Законот не изминале 20 години од денот кога прв пат биле законски издадени, односно снимени.

Член 185

Со денот на влегување во сила на овој закон, престанува да важи Законот за авторското право ("Службен лист на СФРЈ" број 19/78, 34/78, 24/86, 75/89 и 21/90).

Член 186

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

926.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАСЛЕДУВАЊЕТО

Се прогласува Законот за наследувањето, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 4 септември 1996 година.

Бр. 08-3106/1
4 септември 1996 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Тито Петковски, с.р.

ЗАКОН ЗА НАСЛЕДУВАЊЕТО

Глава прва

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Остварување на наследното право

Член 1

Наследното право во Република Македонија се уредува со одредбите на овој закон.

Предмет на наследувањето

Член 2

Да се наследуваат можат предмети и права што им припаѓаат на поединци.

Рамноправност во наследувањето

Член 3

Граѓаните, под исти услови, се рамноправни во наследувањето.

Наследување во случај на вонбрачно сродство и потполно посвојување

Член 4

Во поглед на наследувањето вонбрачното сродство се изедначува со брачното, а сродството создадено со потполно посвојување со крвното сродство.

При потполното посвојување престануваат меѓусебните наследни права на посвоеникот и неговите потомци со неговите крвни роднини.

Наследни права на странци

Член 5

Странските државјани ги имаат во Република Македонија, под услови на примена на начелото на реципроцитет, истите наследни права како и државјаните на Република Македонија.

Основи за повикување на наследство

Член 6

Да се наследи може врз основа на закон и врз основа на тестамент.

Ништовност на договорот за наследување

Член 7

Ништовен е договорот со кој некој ја остава својата оставина или нејзин дел на својот содоговарач или на трето лице, освен ако располагањето се врши со договор за доживотна издршка.

Ништовност на договорот за идно наследство или легат

Член 8

Ништовен е договорот со кој некој го оттуѓува наследството на кое се надева, како и секој договор за наследство на трето лице кое е уште живо.

Ништовен е, исто така, и договорот за легат или за некоја друга корист со кој еден договарач се надева на наследство кое уште не е отворено.

Располагање со тестамент

Член 9

Завештателот може со тестамент да располага со својот имот на начин определен со овој закон.

Ништовност на договорот за содржината на тестаментот

Член 10

Ништовен е договорот со кој некој се обврзува да внесе некоја одредба во својот тестамент, или да не ја внесе, да отповика некоја одредба од својот тестамент, или да не ја отповика.

Оставина без наследник

Член 11

Оставината без наследник ѝ припаѓа на Република Македонија.

Глава втора

НАСЛЕДУВАЊЕ ВРЗ ОСНОВА НА ЗАКОН

1. ЗАКОНСКИ НАСЛЕДНИЦИ

1. Наследни редови

Круг на законските наследници

Член 12

Врз основа на закон, умрениот го наследуваат: сите негови потомци, неговите посвоеници и нивните потомци, неговиот брачен другар, неговите посвоители, неговите родители, неговите браќа и сестри и нивните потомци и неговите дедовци и баби и нивните потомци.

Овие лица наследуваат според наследните редови.

Наследниците од поблискиот наследен ред ги исклучуваат од наследство лицата од подалечниот наследен ред.

Меѓу себе се наследуваат и чуваникот и хранителот, посинокот и очувот и маќеата, снаата и свекорот и свекрвата, зетот и тестот и тештата и други лица, под условите и на начин определени со овој закон.

а) Прв наследен ред

Потомците и брачниот другар
на умрениот

Член 13

Оставината на умрениот ја наследуваат пред сите неговите деца и неговиот брачен другар.

Тие наследуваат еднакви делови.

Право на претставување

Член 14

Делот од оставината што би му припаднал на порано умреното дете да го надживеало оставителот го наследуваат неговите деца, внуците на оставителот, на еднакви делови, а ако некој од внуците умрел пред оставителот, тогаш делот што би му припаднал да бил жив во моментот на смртта на оставителот го наследуваат неговите деца, правнуците на оставителот, на еднакви делови и така редум сé додека има потомци од оставителот.

Намалување на делот на
брачниот другар

Член 15

Кога има деца на оставителот кои не потекнуваат од бракот со надживеаниот брачен другар, а имотот на овој брачен другар изнесува повеќе од делот што би му припаднал при делбата на оставината на еднакви делови, тогаш на секое дете на оставителот му припаѓа двапати поголем дел отколку на брачниот другар.

б) Втор наследен ред

Родителите и брачниот
другар на умрениот

Член 16

Оставината на умрениот кој не оставил потомци ја наследуваат неговите родители и неговиот брачен другар.

Родителите на умрениот наследуваат една половина од оставината на еднакви делови, а втората половина ја наследува брачниот другар на умрениот.

Ако по умрениот не останал брачен другар, родителите на умрениот ја наследуваат целата оставина на еднакви делови.

Браќата и сестрите на умрениот
и нивните потомци

Член 17

Ако едниот родител на оставителот умрел пред оставителот, делот од оставината што би му припаднал да го надживеал оставителот го наследуваат неговите деца (браќата и сестрите на оставителот), неговите внуци и правнуци и неговите натамошни потомци, според правилата што важат за случај кога умрениот го наследуваат неговите деца и другите потомци.

Ако двајцата родители на оставителот умреле пред оставителот, делот од оставината што би му припаднал на секој од нив да го надживеал оставителот го наследуваат потомците, како што е предвидено во став 1 на овој член.

Во сите случаи браќата и сестрите на оставителот само по татко го наследуваат на еднакви делови татковиот дел од оставината, браќата и сестрите само по мајката го наследуваат на еднакви делови мајчиниот дел, а родените браќа и сестри го наследуваат на еднакви делови со браќата и сестрите по татко татковиот дел, а со браќата и сестрите по мајката мајчиниот дел.

Ако едниот родител умрел
без потомство

Член 18

Ако едниот родител на оставителот умрел пред оставителот, а не оставил ниеден потомок, делот на оставината што би му припаднал да го надживеал оставителот го наследува другиот родител, а ако и овој умрел пред оставителот, неговите потомци го наследуваат она што би им припаднало и на едниот и на другиот родител, како што е предвидено во член 17 од овој закон.

Ако обата родители умреле
без потомство

Член 19

Ако обата родители на оставителот умреле пред оставителот, а не оставиле ниеден потомок, целата оставина ја наследува надживеаниот брачен другар на оставителот.

в) Трет наследен ред

Дедовците и бабите на умрениот

Член 20

Оставината на умрениот што не оставил ниту потомци, ниту родители, ниту овие оставиле некој потомок, ниту брачен другар, ја наследуваат неговите дедовци и баби.

Едната половина од оставината ја наследуваат дедото и бабата по татко, а другата половина дедото и бабата по мајка.

Право на дедото и бабата од иста лоза

Член 21

Дедото и бабата од иста лоза наследуваат на еднакви делови.

Ако некој од предците од една лоза умрел пред оставителот, делот од оставината што би му припаднал да го надживеал оставителот го наследуваат неговите деца, неговите внуци и неговите натамошни потомци, според правилата што важат за случај кога умрениот го наследуваат неговите деца и другите потомци.

Во сé друго за наследното право на дедото и бабата од една лоза и нивните потомци важат правилата според кои наследуваат родителите на оставителот и нивните потомци.

Ако дедото и бабата од една лоза умреле без потомство

Член 22

Ако дедото и бабата од една лоза умреле пред оставителот, а не оставиле ниеден потомок, делот од оставината што би им припаднал да го надживеале оставителот го наследуваат дедото и бабата од другата лоза, нивните деца, нивните внуци и нивните натамошни потомци, како што е предвидено во член 21 од овој закон.

ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ЗА НЕКОИ НАСЛЕДНИЦИ

а) Посвоеници

Член 23

При непотполното посвојување остануваат запазени правата на наследување меѓу посвоеникот и неговите роднини, доколку со овој закон поинаку не е определено.

Доколку наследните права на посвоеникот не се ограничени или исклучени посвоеникот и неговите потомци ги имаат спрема посвоителот истите наследни права како и децата на посвоителот и другите негови потомци, а посвоителот спрема посвоеникот и неговите потомци има наследни права како родител на посвоеникот. Во тој случај, доколку посвоителот е жив, родителите на посвоеникот и нивните потомци и предци не го наследуваат посвоеникот.

При непотполното посвојување посвоеникот и неговите потомци не ги наследуваат посвоителовите роднини, неговиот брачен другар, ниту другите негови посвоеници, а роднините на посвоителот не се законски наследници на посвоеникот.

Доколку наследните права на посвоеникот биле ограничени или исклучени, посвоителот не е законски наследник на посвоеникот и на неговите потомци.

Член 24

Ако едниот од родителите на посвоеникот е брачен другар на посвоителот, посвојувањето не влијае врз заемните права на наследување меѓу посвоеникот и тој родител и неговите потомци и предци.

Член 25

Заемните наследни права меѓу посвоителот и посвоеникот престануваат, ако посвоителот, односно посвоеникот поднел барање за престанок на посвојувањето, а по смртта на едниот од нив се утврди дека барањето било основано.

б) Брачниот другар

Кога брачниот другар го губи
правото на наследување

Член 26

Правото на наследување меѓу брачните другари престанува со разводот на бракот и со поништувањето на бракот.

Брачниот другар нема право на наследство ако:

1) оставителот поднел тужба за развод на бракот, а по смртта на оставителот се утврди дека тужбата била основана, или пак брачниот другар и оставителот поднеле спогодбен предлог за развод на бракот, а до смртта на оставителот постапката по тој предлог не е завршена;

2) неговиот брак со оставителот биде поништен по смртта на оставителот, од причини за чие постоење надживеаниот брачен другар знаел во времето на склучувањето на бракот и

3) неговата заедница на живот со оставителот трајно престанала по негова вина или во спогодба со оставителот.

Со разводот и со поништувањето на бракот брачниот другар го губи правото да ги бара користите за него, предвидени во тестамент или во некое друго располагање за случај на смрт, направени пред разводот односно поништувањето на бракот од неговиот поранешен брачен другар.

Зголемување на наследниот
дел на брачниот другар

Член 27

Кога брачниот другар кој нема нужни средства за живот е повикан на наследство со наследниците од вториот наследен ред, судот може, по барање од брачниот другар, да одлучи брачниот другар да наследи и еден дел од оној дел на оставината што би требало според законот да го наследат другите наследници, а може да одлучи и брачниот другар да ја наследи целата оставина, ако е таа од толку мала вредност што со нејзината делба брачниот другар би западнал во скудност.

При одлучувањето судот ќе ги земе предвид сите околности на случајот, а особено имотните прилики и способноста за стопанисување на брачниот другар, имотните прилики на другите наследници и нивната способност за стопанисување и вредноста на оставината.

в) Родители

Зголемување на наследниот
дел на родителите

Член 28

Кога родителите кои немаат нужни средства за живот се повикани на наследство со брачниот другар на оставителот, судот може, по нивно барање, да одлучи да наследат и еден дел од оној дел на оставината што би требало според законот да го наследи брачниот другар, а може да одлучи родителите да ја наследат целата оставина, ако е таа од толку мала вредност што со нејзината делба родителите би западнале во скудност.

Ако меѓу родителите на оставителот заедницата на животот трајно престанала, а само едниот родител нема нужни средства за живот, тој може да бара да се зголеми наследниот дел како спрема брачниот другар така и спрема другиот родител на оставителот.

Ако едниот родител на оставителот умрел пред оставителот, надживеаниот родител, кој нема нужни средства за живот, може да бара да се зголеми неговиот наследен дел и спрема наследниците на умрениот родител на оставителот.

При одлучувањето судот ќе ги земе предвид сите околности на случајот, а особено имотните прилики и способноста за стопанисување на родителите, имотните прилики на брачниот другар односно на наследниците на умрениот родител и нивната способност за стопанисување и вредноста на оставината.

г) Лица кои живееле во трајна заедница

Член 29

Чуваникот и хранителот, посинокот и паштерката и очувот и мајката, снаата и свекорот и свекрвата, зетот и тестот и тештата и лица кои се крвни роднини, кои живееле во трајна заедница, заемно се наследуваат под услов умрениот да не оставил брачен другар и други наследници од првиот наследен ред и родители и браќа и сестри. Во овој случај овие лица ја наследуваат целата оставина на еднакви делови.

Кога на наследство е повикан брачниот другар, лицата од став 1 на овој член ја наследуваат на еднакви делови едната половина од делот од оставината што би го наследиле родителите односно браќата и сестрите на оставителот.

Трајна заедница во смисла на одредбите од овој член е онаа заедница која траела најмалку пет години и тоа непрекинато од заснованьето на односите од овој член па сé до смртта на оставителот.

Чуваникот во смисла на овој закон е дете што некое лице (хранител) го довело кај себе да го чува и одгледува како свое, а не го посвоило.

II. НУЖНИ НАСЛЕДНИЦИ

1. Нужни наследници и нужен дел на оставината

Кои се нужни наследници

Член 30

Нужни наследници се: децата на оставителот, неговите посвоеници и неговиот брачен другар.

Потомците на децата на оставителот и на неговиот посвоеник се нужни наследници само ако во моментот на смртта на оставителот живееле во заедница со него или ако тој ги издржувал или ако се трајно неспособни за работа и немаат нужни средства за живот.

Родителите на оставителот и неговите браќа и сестри се нужни наследници само ако се трајно неспособни за работа и немаат нужни средства за живот.

Лицата наведени во овој член се нужни наследници кога според законскиот ред на наследување се повикани на наследство.

Нужен дел

Член 31

Нужните наследници имаат право на дел од оставината кој се вика нужен дел и кој им припаѓа во случај кога оставителот располагал со оставината.

Нужниот дел на потомците, посвоениците и нивните потомци и на брачниот другар изнесува една половина, а нужниот дел на другите наследници една третина од оној дел што на секој наследник би му припаднал според законскиот ред на наследувањето без оглед на тоа што некој од нужните наследници не бара дел од оставината, или пак е исклучен од наследство или е недостоен да наследи. Притоа, не се применуваат одредбите од овој закон за зголемување, односно намалување на наследниот дел на брачниот другар, односно на родителите.

Нужниот дел како наследно право

Член 32

На нужниот наследник му припаѓа определен дел од секој предмет и од правата што ја сочинуваат оставината, но завештателот може да определи нужниот наследник да го прими својот дел и во определни предмети, права или во пари.

2. Пресметување на нужниот дел,
намалување на располагањето со
тестамент и враќање на подароците

а) Пресметување на нужниот дел

Утврдување на вредноста на оставината

Член 33

Вредноста на оставината врз основа на која се пресметува нужниот дел се утврдува на следниот начин:

- претходно се врши попис и процена на добрата што ги имал оставителот во моментот на смртта, сметајќи го тука и сето она со што располагал со тестаментот, како и сите негови побарувања, па и оние што ги има спрема некој наследник, освен побарувањата што очигледно се ненаплатливи;

- од утврдената вредност на добрата што ги имал оставителот во моментот на смртта се одбива износот на оставителовите долгови, износот на трошоците на пописот и процената на оставината и трошоците на закопот на оставителот;

- на така добиениот остаток се додава вредноста на сите подароци што ги направил оставителот на каков и да било начин во последните 90 дена од својот живот, па и на оние подароци за кои оставителот наредил да не му се засметуваат на наследникот во неговиот наследен дел.

Во оставината не влегуваат добрата со кои оставителот располагал со договорот за доживотна издршка, а чие предавање на давателот на издршката е одложено до смртта на примателот на издршката.

Што се смета за подарок

Член 34

Како подарок во смисла на овој закон се смета и откажување од права, простување на долг, она што оставителот му го дал на наследникот за време на својот живот на име наследен дел или заради основање или проширување на домаќинството, или заради вршење на занимање, како и секое друго располагање без надоместок.

Определување на вредноста
на подароците

Член 35

При проценувањето на подароците се зема вредноста на подарениот предмет во моментот на смртта на оставителот, а според неговата состојба во времето на подарувањето.

Кога подарокот се состои
во осигурување

Член 36

Кога подарокот се состои во осигурување во корист на примателот на подарок, како вредност на подарокот ќе се земе збирот на премиите што ги уплатил оставителот, ако тој збир е помал од осигурената сума, а ако збирот на премиите е поголем од осигурената сума, како вредност на подарокот ќе се земе износот на осигурената сума.

б) Имот што се издвојува од оставината

Издвојување предмети на домаќинството

Член 37

На брачниот другар, предците, посвоителот, потомците, посвоеникот и неговите потомци и лицата од член 29 на овој закон, кои живееле со оставителот во исто домаќинство им припаѓаат предметите на домаќинството што служат за задоволување на нивните секојдневни потреби, освен предметите од позначителна вредност.

Издвоените предмети не се земаат предвид при пресметувањето на нужниот дел, ниту му се засметуваат на наследникот во неговиот наследен дел.

в) Намалување на располагањата со
тестаментот и враќање на подароците
поради повреда на нужниот дел

Повреда на нужниот дел. Подароци и
располагања со тестаментот извршени
во корист на нужните наследници

Член 38

Кога е повреден нужниот дел, располагањата со тестаментот ќе се намалат, а подароците сторени во последните 90 дена од животот на оставителот ќе се вратат колку што е потребно, за да се дополни нужниот дел.

Нужниот дел е повреден кога нужниот наследник уште за животот на оставителот и со тестаменталните располагања не примил од имотот на оставителот подароци и наследен дел во висина на вредноста на нужниот дел.

При утврдувањето на вкупната вредност на тестаменталните располагања и на подароците се земаат предвид и оние подароци и располагања со тестаментот за кои оставителот наредил да не му се засметуваат на нужниот наследник во неговиот наследен дел.

Од овие подароци и тестаментални располагања што му се засметуваат на нужниот наследник во неговиот наследен дел при утврдувањето на вкупната вредност на тестаменталните располагања и на подароците се зема предвид само онолку за колку тие го надминуваат неговиот нужен дел.

Ред на намалувањето и враќањето

Член 39

Кога е повреден нужниот дел, прво се намалуваат располагањата со тестаментот, па доколку нужниот дел со тоа не би бил намирен, тогаш се враќаат подароците сторени во последните 90 дена од животот на оставителот.

Сразмрено намалување на располагањата
со тестаментот. Привилегиран легат

Член 40

Располагањата со тестамент се намалуваат во иста сразмера без оглед на нивната природа и на нивниот обем, и без оглед на тоа дали се наоѓаат во еден или повеќе тестаменти, ако од тестаментот не произлегува нешто друго.

Ако завештателот оставил повеќе легати и наредил некој легат да се исплати пред другите, тој легат ќе се намали само доколку вредноста на другите легати недостига да се намири нужниот дел.

Сразмерно намалување на легатите
наложени на тестаменталниот нас-
ледник или на легатарот

Член 41

Тестаменталниот наследник чиј наследен дел би морал да биде намален за да се дополни нужниот дел, може да бара сразмерно намалување на легатите што треба да ги исплати тој, ако од тестаментот не произлегува нешто друго.

Претходниот став ќе се примени и во случај кога завештателот ќе му наложи на легаторот да исплати нешто од неговиот легат.

Ред за враќање на подароците

Член 42

Враќањето на подароците се врши почнувајќи од последниот подарок и оди натаму обратно од редот по кој се дадени подароците.

Подароците дадени едновремено се враќаат сразмрено.

Положбата на примателот на подарок
кој го враќа подарокот

Член 43

Во поглед на подарениот предмет што е должен да го врати примателот на подарокот се смета како совесен држател до денот кога разбрал за барањето за враќање на подарокот.

Кој може да бара намалување на
располагањата со тестаментот и
враќање на подароците

Член 44

Намалување на располагањата со тестаментот и враќање на подароците сторени во последните 90 дена од животот на оставителот можат да бараат само нужните наследници.

Со смртта на нужниот наследник кој не побарал нужен дел до завршувањето на расправата на оставината, правото од став 1 на овој член не преминува на неговите наследници, но потомок на нужниот наследник кој и самиот би бил нужен наследник доколку неговиот предок умрел пред оставителот, може да го оствари за себе правото на нужен дел, што во таков случај би му припаднал.

Застареност на тужбата

Член 45

Намалување на распоалгањето со тестаментот може да се бара во рок од три години од прогласувањето на тестаментот, а враќање на подароците сторени во последните 90 дена од животот на оставителот во рок од три години од смртта на оставителот, односно од денот кога решението за неговото прогласување за умрен, односно решението со кое се докажува неговата смрт станало правосилно.

3. Исклучување на нужните наследници од
наследството и лишување од нужниот дел
во корист на потомците

а) Исклучување на нужните наследници

Причини за исклучување

Член 46

Завештателот може да исклучи од наследство наследник кој има право на нужен дел ако:

1) потешко се огрешил спрема оставителот со повреда на некоја законска или морална обврска и

2) со смисленост сторил некое потешко злодело спрема него или неговиот брачен другар, дете или родител.

Исклучувањето од наследство може да биде целосно или делумно.

Услови за полноважност
на исклучувањето

Член 47

Завештателот којшто сака да исклучи некој наследник мора тоа да го изрази во тестаментот на несомнен начин, а корисно е да ја наведе и причината за исклучување.

Причината за исклучување мора да постои во времето на составување на тестаментот.

Во случај на спор за основаноста на исклучувањето должноста за докажување дека исклучувањето е основано лежи на оној којшто се повикува на исклучувањето.

Последици на исклучувањето

Член 48

Со исклучувањето наследникот ги губи наследните права во мерката во која е исклучен, а правата на другите лица кои можат да го наследат оставителот се определуваат како да умрел исклучениот пред оставителот.

б) Лишување од нужниот дел
во корист на потомците

Член 49

Ако потомокот кој има право на нужен дел е презадолжен или е растурач, завештателот може да го лиши во целост или делумно од неговиот нужен дел во корист на неговите потомци.

Ова лишување останува полноважно само ако во моментот на отворањето на наследството лишениот има малолетно дете или малолетен внук од порано умреното дете, или има полнолетно дете или полнолетен внук од порано умреното дете кои се неспособни за стопанисување.

III. ЗАСМЕТУВАЊЕ НА ПОДАРОЦИТЕ И НА ЛЕГАТИТЕ ВО НАСЛЕДНИОТ ДЕЛ

Засметување на подароците
на законскиот наследник

Член 50

На секој законски наследник му се засметува во наследниот дел сето она што го добил на подарок од оставителот на каков и да било начин.

Плодовите и другите користи што ги имал наследникот под подарената ствар сé до смртта на оставителот не се засметуваат.

Подарокот не се засметува ако оставителот во времето на подарувањето или подоцна, или во тестамент, изјавил дека подарокот нема да се засмета во наследниот дел.

Ако подарокот е сторен во последните 90 дена од животот на оставителот, остануваат во важност одредбите за нужниот дел.

Засметување на легатот на
законскиот наследник

Член 51

Легатот оставен на законскиот наследник му се засметува во неговиот наследен дел, освен ако од тестаментот произлегува дека завештателот сакал наследникот да добие легат покрај својот дел.

Како се врши засметување
на подароците и легатите

Член 52

Засметувањето се врши на тој начин што другите наследници добиваат од оставината соодветна вредност, па дури потоа остатокот на оставината се дели меѓу сите наследници.

Ако добрата што ги имал оставителот во моментот на смртта не се доволни за да добијат другите наследници соодветна вредност, наследникот на кого му се врши засметувањето не е должен да им врати нешто од она што го добил тој, освен кога е тоа пропишано со одредбите на овој закон што се однесуваат на нужниот дел.

Право на наследникот на кој подарокот
или легатот не му се засметува

Член 53

Кога според волјата на оставителот, подарокот или легатот не треба да му се засмета на наследникот во неговиот наследен дел, таквиот наследник го задржува подарокот, односно легатот и учествува со другите наследници во делбата на оставината како подарок, односно легат да немало.

Кога има нужни наследници, а според волјата на оставителот, подарокот или легатот не треба да му се засмета на некој наследник во неговиот наследен дел, тој наследник ќе може да го задржи подарокот, односно легатот во границите во кои не се повредува нужниот дел на другиот наследник.

Право на наследникот кој се
откажал од наследството

Член 54

Наследникот кој се откажал од наследството го задржува подарокот, освен во случај кога подарокот е сторен во последните 90 дена од животот на оставителот, а со него е повреден нужниот дел на друг наследник.

Тој има право да бара да се исполни легатот само во границите во кои не се повредува нужниот дел на друг наследник.

Определување на вредноста на подароците
при засметувањето

Член 55

При засметувањето на подароците на наследникот во наследниот дел се зема вредноста на подареното добро во моментот на смртта на оставителот, а според неговата состојба во времето на подарувањето.

Кога подарокот се состои во осигурување

Член 56

Кога подарокот се состои во осигурување во корист на примателот на подарок, како вредност на подарокот ќе се земе збирот на премиите што ги уплатил оставителот, ако тој збир е помал од осигурената сума, а ако збирот на премиите е поголем од осигурената сума, како вредност на подарокот ќе се земе износот на осигурената сума.

Трошоците за издршка на наследникот

Член 57.

Она што е потрошено за издршка на наследникот и за негово задолжително школување нема да се засметува во неговиот наследен дел.

Дали издатоците што ги сторил оставителот за натамошно школување на наследникот ќе се засметаат во неговиот наследен дел и во која мера, ќе одлучи судот според околностите, земајќи ја предвид особено вредноста на оставината и трошоците за школувањето и оспособувањето за самостоен живот на другите наследници.

Вообичаени помали подароци

Член 58

Вообичаените помали подароци не се засметуваат во наследниот дел.

Подароци дадени на лице на чие место
наследникот доаѓа на наследство

Член 59

Подароците дадени на лице на чие место наследникот доаѓа на наследство се засметуваат во наследниот дел.

Засметување на долгот од наследникот
на оставителот

Член 60

На наследникот му се засметува во неговиот дел она што му го долгувал на оставителот.

Кој може да бара засметување

Член 61

Правото во наследниот дел на еден наследник да се бара да се засметаат подароците и легатите им припаѓа само на неговите сонаследници.

Глава трета

НАСЛЕДУВАЊЕ ВРЗ ОСНОВА НА ТЕСТАМЕНТ

1. УСЛОВИ ЗА ПОЛНОВАЖНОСТ НА ТЕСТАМЕНТОТ

Способност за составување на тестамент

Член 62

Тестамент може да состави секое лице способно за расудување коешто наполнило 15 години.

Тестаментот е ништовен ако во времето на неговото составување завештателот немал 15 години или не бил способен за расудување.

Губењето на способноста за расудување што би настанило откога е направен тестаментот не влијае врз неговата полноважност.

Ништовност на тестамент поради недостиг
во волјата на завештателот

Член 63

Ништовен е тестаментот ако завештателот бил натеран со закана или присилба да го состави или одлучил да го состави поради тоа што бил измамен или што се наоѓал во заблуда.

Заканата, присилбата или измамата повлекува ништовност на тестаментот и кога потекнува од трето лице.

Располагањата со тестамент се ништовни и кога постои заблуда за фактите што го побудиле завештателот да ги стори тие располагања.

Ако само некои одредби од тестаментот се направени под закана или присилба, поради измама или во заблуда, тогаш само тие се ништовни.

Застареност на тужбата за поништување на тестамент
поради завештателовата неспособност и поради
недостиг во неговата волја

Член 64

Поништување на тестамент поради завештателовата неспособност за расудување или поради тоа што завештателот немал 15 години, како и поништување на тестамент или на одделни негови одредби поради закана или присилба, измама или заблуда, може да бара само лице кое има правен интерес, и тоа во рок од една година откога разбрале за постоењето на причината за ништовност, а најдоцна за десет години од прогласувањето на тестаментот.

Рокот од една година не може да започне да тече пред прогласувањето на тестаментот.

Поништување на тестамент спрема несовесно лице може да се бара во рок од 20 години од прогласувањето на тестаментот.

Приговор за ништовност на тестаментот во процесот кој го повело лице кое бара право од оставината врз основа на тестаментот, може да се поднесе без оглед на истекот на роковите од ставовите 1, 2 и 3 на овој член.

Формата на тестаментот како услов
за неговата полноважност

Член 65

Полноважен е оној тестамент кој е составен во форма утврдена во закон и под условите предвидени со закон.

II. ФОРМИ НА ТЕСТАМЕНТ

Своерачен тестамент

Член 66

Тестаментот е полноважен ако го напишал завештателот со своја рака и ако го потпишал.

За полноважност за своерачниот тестамент не е нужно, но е корисно, во него да е означен датумот кога е составен.

Судски тестамент

Член 67

Тестамент на завештателот, по негово кажување може да му состави судија на основен суд, кој претходно ќе го утврди идентитетот на завештателот.

Откога завештателот ќе го прочита и потпише ваквиот тестамент, судијата на самиот тестамент ќе потврди дека завештателот во негово присуство го прочитал и го потпишал.

Судски тестамент ако завештателот
не е во состојба да го прочита

Член 68

Во случај завештателот да не е во состојба да го прочита тестаментот што му го составил судијата, овој ќе му го прочита на завештателот во присуство на двајца сведоци, па тогаш завештателот во присуство на истите сведоци ќе го потпише тестаментот или ќе стави на него свој ракознак, откога ќе изјави дека тоа е негов тестамент.

Сведоците ќе се потпишат на самиот тестамент.

Судијата ќе потврди на тестаментот дека сите овие дејствија се извршени.

Предавање на тестаментот на судот

Член 69

Завештателот може своерачниот тестамент и судскиот тестамент да му го довери на чување на основниот суд во отворена или затворена обвивка, за што судот ќе состави записник, тестаментот ќе го стави во одделна обвивка, што ќе ја запечати и ќе ја чува во судот.

Кој може да биде сведок при составувањето на судски тестамент

Член 70

При составувањето на судски тестамент можат да бидат сведоци полнолетни лица на кои не им е одземена деловната способност и кои знаат да читаат и пишуваат, а го разбираат јазикот на кој е составен тестаментот.

Не можат да бидат сведоци при составувањето на судски тестамент, ниту тестаментот да го состават по кажување на завештателот во својство на судија: потомците на завештателот, неговите посвоеници и нивните потомци, неговите предци и посвоители, неговите роднини во странична линија до четвртиот степен заклучно со брачните другари на сите овие лица и брачниот другар на завештателот.

Располагање во корист на судија, на сведок и нивен поблизок родинина

Член 71

Ништовни се одредбите од тестаментот со кои му се остава нешто на судијата којшто го составил тестаментот, на записничарот и на сведоците при неговото составување, како и на нивните предци, потомци, браќа, сестри и на брачните другари на овие лица.

Тестамент составен пред дипломатски или конзуларен претставник во странство

Член 72

Полноважен е тестаментот составен од државјанин на Република Македонија во странство според одредбите што важат за составување на судски тестамент од страна на конзуларен или дипломатски претставник на Република Македонија којшто врши конзуларни работи.

Тестамент составен за време на воена состојба

Член 73

Полноважен е тестамент составен за време на воена состојба според одредбите што важат за составување на судски тестамент на лица на воена должност од страна на командирот на четата или на некој друг старешина од

неговиот или од повисок ранг, или од некое друго лице во присуство на некој од овие старешини, како и од секој старешина на одделен одред.

Вака составениот тестамент престанува да важи по истекот на 60 дена по завршувањето на воената состојба, а ако завештателот порано или подоцна е демобилизиран, по истекот на 30 дена од демобилизирањето.

Меѓународен тестамент

Член 74

Тестаментот составен во форма на меѓународен тестамент е полноважен во поглед на формата, без оглед на местото каде што е направен, каде што се наоѓа имотот, на државјанството и на живеалиштето, односно на престојувалиштето на завештателот.

Формата на тестаментот не влијае врз неговата полноважност како меѓународен тестамент.

Член 75

Одредбите на овој закон за меѓународниот тестамент не се применуваат врз формите на тестаменталните одредби, што во истото писмено ги составиле две или повеќе лица.

Член 76

За составување на меѓународен тестамент надлежен е судија на основниот суд кој е надлежен и за составување на судски тестамент.

Меѓународен тестамент за државјанин на Република Македонија во странство можат да состават и дипломатските или конзуларните претставници на Република Македонија, кои ќе ги определи шефот на дипломатското или конзуларното претставништво.

Член 77

Тестаментот се составува во писмена форма.

Завештателот не мора своерачно да го напише тестаментот.

Тестаментот може да биде напишан на било кој јазик, со рака или на друг начин.

Член 78

Во присуство на судијата на основниот суд или дипломатскиот, односно конзуларниот претставник (во натамошниот текст: овластено лице) и двајца сведоци, завештателот изјавува дека писменото е негов тестамент и дека е запознат со неговата содржина.

Завештателот не е должен со содржината на тестаментот да го запознае овластеното лице и сведоците.

Член 79

Завештателот во присуство на овластеното лице и сведоците го потпишува тестаментот, или ако претходно го потпишал, го признава и го потврдува потписот за свој.

Ако завештателот не е во состојба да се потпише, ќе му ја соопшти причината на овластеното лице кое тоа ќе го забележи на тестаментот. Завештателот може да бара од овластеното лице друго лице, во негово име, да го потпише тестаментот.

Овластеното лице и сведоците во присуство на завештателот, се потпишуваат на тестаментот.

Член 80

Датум на тестаментот е датумот на кој го потпишало овластеното лице.

Овој датум мора да биде ставен на крајот на тестаментот од страна на овластеното лице.

Член 81

Ако тестаментот се состои од повеќе листови, сите тие се сврзуваат со емственик, а двата краја од емственикот се запечатуваат со печат.

Завештателот се потпишува на секој од листовите, а на крајот се назначува од колку листови се состои тестаментот.

Ако завештателот не е во состојба да ги потпише, тоа ќе го стори друго лице од негово име, а ако такво лице нема, ќе ги потпише овластеното лице.

Секој лист мора да биде обележан со број.

Член 82

Овластеното лице ќе го праша завештателот дали сака да даде изјава во поглед на чувањето на тестаментот. Местото каде што завештателот има намера да го чува тестаментот се забележува во потврдата што ја издава овластеното лице во форма определена во прилогот 1 на овој закон или во соодветна форма.

Формата на потврдата е составен дел на овој закон.

Член 83

Непостоењето, односно неисправноста на потврдата не влијае врз формалната полноважност на меѓународниот тестамент направен во согласност со одредбите на овој закон.

Член 84

Потврдата се составува во три примероци од кои еден примерок се приложува кон тестаментот, вториот го задржува овластеното лице, а третиот му се врачува на завештателот.

Полноважноста на потврдата се признава ако е издадена на територијата на држава која што ја ратификувала Конвенцијата за еднообразен закон за формата на меѓународниот тестамент.

Член 85

Потврдата дека тестаментот е оставен на чување на овластеното лице се зема како доказ за формалната полноважност на писменото како тестамент, доколку не се докаже спротивното.

Член 86

Сведоци на овој тестамент можат да бидат лица кои ги исполнуваат условите од член 71 на овој закон.

Член 87

За толкувачите се применуваат одредбите од Законот за процесната постапка.

Член 88

Потписите на завештателот, на овластеното лице и на сведоците на меѓународниот тестамент и на потврдата не мора да се заведуваат, но надлежните органи во определени случаи можат да ја проверат вистинитоста на потписот на овластеното лице.

Член 89

За отповикување на меѓународниот тестамент важат одредбите од овој закон за отповикување на тестамент.

Устен тестамент

Член 90

Завештателот може да ја изјави својата последна волја усно пред двајца сведоци само ако поради исклучителни околности не е во можност да состави писмен тестамент.

Усниот тестамент престанува да важи кога ќе поминат 30 дена од престанокот на исклучителните околности во кои е составен.

Кој може да биде сведок при составувањето на устен тестамент

Член 91

При составувањето на устен тестамент можат да бидат сведоци само лицата кои можат да бидат сведоци при составувањето на судски тестамент, но не мораат да знаат да читаат и да пишуваат.

Должност на сведоците при усниот тестамент

Член 92

Сведоците пред кои завештателот усно ја изјавил својата последна волја се должни без одлагање да ја ставаат написмено изјавата на завештателот и што побрзо да му ја предадат на судот, или усно да ја повторат пред судот, изнесувајќи кога, каде и во кои прилики завештателот ја изјавил својата последна волја.

Извршувањето на оваа должност не е услов за полноважноста на устен тестамент.

Располагање со устен тестамент во корист на сведоците и нивните поблиски роднини

Член 93

Ништовни се одредбите од усниот тестамент со кои им се остава нешто на сведоците при неговото составување, на нивните брачни другари, на нивните предци, на нивните потомци, на нивните роднини во странична линија до четвртиот степен на роднинство заклучно и на брачните другари на сите овие лица.

Застареност на тужбата за поништување на тестамент поради недостиг на форма

Член 94

Поништување на тестамент поради недостиг на форма може да бара, по отворањето на наследството, само лице кое има правен интереес и тоа во рок од една година откога разбрало за тестаментот, а најдоцна десет години од прогласувањето на тестаментот.

Рокот од една година не може да започне да тече пред прогласувањето на тестаментот.

Приговор за ништовност на тестаментот во процесот кој го повело лице кое бара право од оставината врз основа на тестаментот, може да се поднесе без оглед на истекот на роковите од ставовите 1 и 2 на овој член.

Докажување на уништен, загубен, скриен или зафрлен тестамент

Член 95

Тестаментот уништен случајно или со дејствие од некое друго лице, загубен, скриен или зафрлен по смртта на завештателот или пред неговата смрт, но без негово знаење, ќе произведе дејствија на полноважен тестамент ако заинтересираното лице докаже дека тестаментот постоел, дека е уништен, загубен, скриен или зафрлен, дека бил составен во форма пропишана во законот и ако ја докаже содржината на оној дел од тестаментот на кој се повикува.

III. СОДРЖИНА НА ТЕСТАМЕНТОТ

Определување на наследници

Член 96

Завештателот може со тестаментот да определи еден или повеќе наследници.

Наследник врз основа на тестаментот е лице кое го определил завештателот да го наследи целиот негов имот или дел од имотот.

Како наследник ќе се смета и лице на кое со тестаментот му се оставени еден или повеќе определени предмети или права, ако се утврди дека волјата на завештателот била тоа лице да му биде наследник.

Супституции

Член 97

Завештателот може со тестаментот да определи лице на кое ќе му припадне наследството ако определениот наследник умре пред него, или ако се откаже од наследството, или ако биде недостоен да наследи.

Одредбата од став 1 на овој член се однесува и на легатите.

Завештателот не може да му определи наследник на својот наследник ниту на легаторот.

Оставање на легати

Член 98

Завештателот може со тестаментот да остави еден или повеќе легати.

Располагање за дозволени цели и основање на задужбина

Член 99

Завештателот може со тестаментот да нареди некој предмет или право или дел од оставината или целата оставина да се употреби за постигање на некоја дозволена цел.

Ако завештателот наредил основање на задужбина и ги определил средствата за постигање на некоја цел, задужбината ќе се основа кога ќе се добие одобрение од надлежниот орган.

Оптоварување и услови

Член 100

Завештателот може да го оптовари со некоја должност лицето на кое му остава некоја корист од оставината.

Тој може во одделни одредби на тестаментот да постави услови или рокови.

Невозможни, недозволени и неморални услови и оптоварувања, како и оние што се неразбирливи или противречни, се сметаат како да не постојат.

Определеност на наследниците и другите корисници

Член 101

Наследниците, легатарите и другите на кои со тестаментот им се оставени некои користи, доволно се определени ако тестаментот содржи податоци врз основа на кои може да се утврди кои се тие.

Толкување на тестаментот

Член 102

Одредбите од тестаментот треба да се толкуваат според вистинската намера на завештателот.

Во случај на сомневање треба да се прифати она што е поповолно за законскиот наследник или за лицето на кое со тестаментот му е наложена некоја обврска.

IV. ЛЕГАТИ

Содржина на легатите

Член 103

Завештателот може со тестаментот да остави еден или повеќе определени предмети или некое право на определено лице, или да му наложи на наследникот или на некое друго лице на кое нешто му остава, да му даде, од она што му е оставено, некој предмет на определено лице, или да му исплати сума пари, или да го ослободи од некој долг, или да го издржува или воопшто во негова корист да направи нешто или да се воздржи од нешто или да трпи нешто.

Со таквото завештание, по правило, не се определува наследник. Таквото завештание се вика легат, а лицето за кое е наменето се вика легатар.

Кој е должен да го изврши легатот

Член 104

Врз основа на тестаментот легатарот има право да бара да му се изврши легатот од лицето на кое со тестаментот му е наложено да го изврши легатот.

Ако извршувањето на легатот им е наложено на неколкумина, секој одговара сразмерно со делот од оставината што го добива, освен ако од тестаментот може да се заклучи дека завештателот сакал тие да одговараат на друг начин.

Ако завештателот пропуштил да одреди кој е должен да го изврши легатот, обврската за извршување лежи на сите законски и тестаментални наследници, сразмерно со вредноста на имотот што секој од нив го наследил.

Исплата на доверителите пред легатарите

Член 105

Доверителите на завештателот имаат право да се наплатат пред легатарите.

Намалување на легатите и оптоварувањата.

Член 106

Наследникот не е должен да ги изврши во целост легатите, доколку со тоа се повредува неговиот нужен дел.

Истото важи за легатарот, ако вредноста на легатите или оптоварувањата што треба да ги изврши ја надминува вредноста на неговиот легат.

Во тие случаи сите легати и оптоварувања се намалуваат во ист сразмер ако завештателот не наредил нешто друго.

Право на легатарот кога должникот
на легатот не ќе наследи

Член 107

Легатарот има право да бара да се изврши легатот и кога лицето, кое според тестаментот било должно да го изврши легатот, умрело пред завештателот, или се откажало од наследство, или е недостојно да наследи.

Кога се гаси правото на легатарот

Член 108

Легатот отпаѓа ако легатарот умре пред завештателот, или се откаже од легатот или е недостоен.

Во тие случаи предметот на легатот му останува на лицето кое било должно да го изврши, ако од самиот тестамент не произлегува некаква друга намера за завештателот.

Член 109

Легатот отпаѓа и кога завештателот го отуѓил или потрошил предметот на легатот или тој предмет инаку престанал да постои за време на животот на завештателот, или случајно пропаднал по неговата смрт.

Одговорноста на легатарот за долговите
на завештателот

Член 110

Легатарот не одговара за долговите на завештателот.

Но, завештателот може да нареди легатарот да одговара за сите или за одделни негови долгови, или за дел на некој долг во границите на вредноста на легатот.

Легат оставен на доверител

Член 111

Кога завештателот му оставил легат на својот доверител, овој има право, покрај извршувањето на легатот, да бара и извршување на своето побарување, ако од тестаментот не произлегува дека намерата на завештателот била поинаква.

Застарување на легатот

Член 112

Правото да се бара извршување на легатот застарува за една година од денот кога легатарот разбрал за своето право и бил овластен да бара да се изврши легатот, но најдоцна во рок од десет години по правосилноста на решението за наследување односно во рок од 20 години од смртта на оставителот.

V. ИЗВРШИТЕЛ НА ТЕСТАМЕНТОТ

Определување извршител на тестаментот

Член 113

Завештателот може со тестамент да определи едно или повеќе лица за извршители на тестаментот.

Извршител на тестамент може да биде секое деловно способно лице.

Лицето определено за извршител на тестаментот не мора да ја прифати таа должност.

Должности на извршителот на тестаментот

Член 114

Ако завештателот не определил нешто друго, должност на извршителот на тестаментот е да се грижи особено за чување на оставината, со неа да управува, да се грижи за исплата на долговите и легатите и воопшто да се грижи тестаментот да биде извршен онака како што сакал завештателот.

Ако има повеќе извршители на тестаментот тие ги вршат заедно доверените должности, освен ако завештателот поинаку не определил.

Полагање сметка и награда на извршителот

Член 115

Извршителот на тестаментот е должен да му положи сметка на судот за својата работа.

Тој има право на надоместок на трошоците и на награда за својот труд, кои се исплаќаат на товар на оставината, а според одлуката на судот.

Отповикување на извршителот на тестаментот

Член 116

Судот може, по предлог или по службена должност, да го отповика извршителот на тестаментот ако неговата работа не е во согласност со волјата на завештателот или со законот.

VI. ОТПОВИКУВАЊЕ НА ТЕСТАМЕНТ

Начин на отповикување на тестамент

Член 117

Завештателот може секогаш да го отповика тестаментот, во целост или делумно, со изјава дадена во каква и да било форма во која според законот може да се состави тестамент.

Завештателот може да го отповика писмениот тестамент и со уништување на писменото.

Однос на поранешниот и подоцнежниот тестамент

Член 118

Ако со подоцнежниот тестамент изрично не се отповика поранешниот тестамент, одредбите од поранешниот тестамент остануваат во сила доколку не се во спротивност со одредбите на подоцнежниот.

Ако завештателот го уништил подоцнежниот тестамент, поранешниот тестамент повторно добива сила, освен ако се докаже дека завештателот не го сакал тоа.

Располагање со завештан предмет

Член 119

Секое подоцнежно располагање од страна на завештателот со определен предмет што му го завештал некому има за последица отповикување на завештувањето на тој предмет.

Глава четврта

ПРЕМИНУВАЊЕ НА ОСТАВИНАТА ВРЗ НАСЛЕДНИЦИТЕ

I. ОТВОРАЊЕ НА НАСЛЕДСТВО

Смрт и прогласување на лице за умрено

Член 120

Со смртта на едно лице се отвора неговото наследство.

Истото дејство го има и прогласувањето на едно лице за умрено.

Кога се отвора наследство на лице прогласено за умрено и почеток на текот на роковите

Член 121

Како ден за отворање на наследството на лице кое е прогласено за умрено се смета денот кога решението за прогласување на лицето за умрено станало правосилно, ако со самото решение не е определен како ден на смртта некој друг ден.

Роковите што според овој закон започнуваат да течат од денот на отворањето на наследството, започнуваат да течат во случај на прогласување на лицето за умрено од денот кога решението за тоа станало правосилно.

Способност за наследување

Член 122

Наследник може да биде само лице кое е живо во моментот на отворањето на наследството.

Детето веќе зачнато во моментот на отворање на наследство се смета како родено ако се роди живо.

Врз основа на тестамент можат да наследат и правни лица, доколку со одделни прописи нешто друго не е определено.

Недостојност за наследување

Член 123

Недостоен е да наследи, како врз основа на закон така и врз основа на тестамент, како и да добие нешто врз основа на тестамент, тој којшто:

1) со смисленост го лишил од живот оставителот или се обидел да го лиши од живот;

2) со присилба или закана го натерал или со измама го навел оставителот да направи или да го отповика тестаментот или некоја одредба од тестаментот, или го спречил тоа да го стори;

3) го уништил или го сокрил тестаментот од оставителот со намера да спречи да се реализира последната волја на оставителот, како и оној што го фалсификувал тестаментот на оставителот и

4) ја повредил потешко обврската за издршка на оставителот спрема кој имал законска обврска за издршка, како и оној што не сакал да му укаже на оставителот нужна помош.

Член 124

Недостојноста не им пречи на потомците на недостојниот и тие наследуваат како да умрел тој пред оставителот.

Недостојноста престанува со проштевање на оставителот.

За недостојноста судот води сметка по службена должност, освен во случај на повреда на обврската за издршка и неукажување на нужна помош.

Постапка со оставината кога наследниците се непознати

Член 125

Ако не е познато дали има наследници, судот со оглас ќе ги повика лицата кои полагаат право на наследство да му се пријават на судот.

Ако по истекот на една година од објавувањето на огласот не се јави ниеден наследник, оставината и се предава на држава Македонија, но со тоа наследникот кој би се јавил подоцна не се лишува од правото да му се предаде оставината или делот што му припаѓа.

Наследникот има право со тужба да бара да му се предаде оставината или делот што му припаѓа од став 2 на овој член, во рок од две години од денот кога дознал дека е донесено правосилно решение за предавање на оставината на

државата, а најдоцна десет години од смртта на оставителот. По истекот на овој рок наследникот го губи правото на оставината.

Старател на оставината

Член 126

Кога наследниците се непознати или се со непознато престојувалиште, како и во други случаи кога е тоа потребно, судот ќе постави привремен старател на оставината кој ќе ги застапува наследниците.

За поставување на привремен старател судот ќе го извести органот на старателството, кој може да постави друг старател.

Кога судот со решение за наследување ќе огласи за наследник лице со непознато престојувалиште, неговиот дел од оставината ќе му го предаде на старател определен од Центарот за социјална работа во смисла на одредбите од Законот за семејството.

II. ЗДОБИВАЊЕ СО ОСТАВИНА И ОТКАЖУВАЊЕ ОД НАСЛЕДСТВО

Преминување на оставината врз наследниците

Член 127

Оставината на умрено лице преминува, по силата на законот, врз неговите наследници во моментот на неговата смрт.

Откажување од наследство

Член 128

Наследникот може да се откаже од наследство со изјава на судот до завршувањето на расправата на оставината.

Ова откажување важи и за потомците на оној којшто се откажал, ако не изјавил изрично дека се откажува само од свое име.

Ако потомците се малолетни, за ова откажување е потребно одобрение од органот за старателство.

Наследникот кој се откажал само во свое име се смета како да не бил никогаш наследник.

Ако се откажат од наследството сите наследници коишто му припаѓаат на најблискиот наследен ред во моментот на смртта на оставителот, на наследство се повикуваат наследниците од следниот наследен ред.

Ако се откажат од наследство потомците на оставителот и неговите посвоеници и нивните потомци, брачниот другар на оставителот се повикува на наследство како единствен наследник од првиот наследен ред.

Наследничка трансмисија

Член 129

Ако наследникот умрел пред да се заврши расправата на оставината, а не се откажал од наследството, правото на откажување преминува врз неговите наследници.

Кој не може да се откаже од наследство

Член 130

Не може да се откаже од наследство наследник кој располагал со целата или со еден дел од оставината.

Мерките што ќе ги преземе еден наследник само заради зачувување на оставината, како и мерките на редовното управување, не го лишуваат од правото да се откаже од наследството.

Содржина на изјавата за откажување
од наследство

Член 131

Откажувањето од наследство не може да биде делумно ниту со услов.

Откажувањето во корист на определен наследник не се смета како откажување од наследство, туку како изјава за отстапување на својот наследен дел. Ова откажување важи доколку наследникот во чија корист е тоа сторено го прифати тој дел од наследството.

Откажување од наследство што не е отворено

Член 132

Откажување од наследство што не е отворено нема никакво правно дејство.

Неотповикливост на изјавата за откажување или за
примање на наследство. Нејзино поништување

Член 133

Изјавата за откажување од наследство или за примање на наследство не може да се отповика.

Наследникот што ја дал изјавата може да бара да се поништи изјавата ако е таа предизвикана со присилба, со закана или е дадена поради измама или заблуда.

Правото да се бара поништување на изјавата престанува со истекот на рокот од една година од узнавањето за причината поради која може да се бара поништување на изјавата, односно од престанувањето на понудата.

Тоа право во секој случај престанува со истекот на рокот од три години од правосилноста на решението за наследување.

Ако по давањето на изјавата за откажување од наследство се пронајде имот за кој во време на давањето на изјавата не се знаело дека и припаѓа на оставината, наследникот што ја дал изјавата може да побара да му се признае право на наследство на делот што по законот му припаѓа на новопронајдениот имот, во рок од една година откога од страна на судот е известен за новопронајдениот имот.

Новопронајдениот имот ќе се расправи според прописите што биле во важност во времето кога е побарано од судот да ја расправи оставината и по однос на тој имот.

Прираст

Член 134

Делот на тестаменталниот наследник кој се откажал од наследството им припаѓа на законските наследници на оставителот, ако од самиот тестамент не произлегува некоја друга намера на завештателот.

Член 135

Делот на законскиот наследник кој се откажал од наследството само во свое име се наследува како да умрел тој наследник пред оставителот.

Застареност на правото да се бара оставината со тужба

Член 136

Правото да се бара оставината со тужба како наследник спрема држателот на оставината застарува за две години од денот кога наследникот дознал дека е донесено правосилно решение за наследување, а најдоцна десет години од денот кога решението за наследување станало правосилно.

Правото да се бара оставината во секој случај застарува по протекот на 20 години од смртта на оставителот.

III. ОДГОВОРНОСТ НА НАСЛЕДНИКОТ ЗА ДОЛГОВИТЕ НА ОСТАВИТЕЛОТ

Обем на наследниковата одговорност за долговите

Член 137

Наследникот одговара за долговите на оставителот до висината на вредноста на наследниот имот.

Наследникот којшто се откажал од наследството не одговара за долговите на оставителот.

Кога има повеќе наследници тие одговараат солидарно за долговите на оставителот, и тоа секој до висинта на вредноста на својот дел од наследниот имот, без оглед на тоа дали е извршена делба на наследството.

Меѓу наследниците долговите се делат сразмерно со вредноста на имотот што секој од нив го наследил, ако со тестаментот поинаку не е определено.

Одделување на оставината

Член 138

Доверителите на оставителот можат да бараат во рок од три месеци од отворањето на наследството оставината да се оддели од имотот на наследникот.

Во тој случај наследникот не може да располага со предметите и правата од оставината, ниту неговите доверители можат од нив да се наплатат, додека не се наплатат доверителите кои барале одделување.

Доверителите на оставителот кои го барале ова одделување можат да ги наплатат своите побарувања само од средствата на оставината.

На одделената оставина судот може да ѝ постави старател.

IV. ДЕЛБА НА НАСЛЕДСТВОТО

Право на делба

Член 139

Делба на наследството може да бара секој наследник во секое време.Ова право не може да застари.

Ништовен е договорот со кој наследникот се откажува од правото да бара делба, како и одредбата од тестаментот со која делбата се забранува или се ограничува.

Управување со наследството

Член 140

До донесувањето на решението за наследување наследниците управуваат со наследството заеднички.

Ако нема извршител на тестаментот, а наследниците не се сложат за управувањето со наследството, судот, по барање на еден од нив, ќе постави управител кој за сите нив ќе управува со наследството, или ќе му определи на секој наследник дел од наследството со кој тој ќе управува.

За управител судот може да постави и некој од наследниците.

Управителот може со одобрение од судот да располага со предметите од оставината, ако е за тоа овластен со тестаментот, или ако е тоа потребно заради исплата на трошоците или за отстранување на некаква штета.

Користење и располагање со наследството

Член 141

По правосилноста на решението за наследување, на користењето и располагањето со наследството кое не е физички поделено меѓу наследниците, се применуваат прописите на имотното право за односите меѓу сосопствениците, со

тоа што сонаследникот има право на првенствено купување на делот од другите сонаследници.

Право на наследниците кои живееле или стопанисувале
во заедница со оставителот

Член 142

По барање на наследникот кој живеел или стопанисувал во заедница со оставителот, судот кога за тоа постои оправдана потреба, ќе одлучи да му се остават одделни предмети, движни или недвижни или група предмети, што би припаднале во делот на другите наследници, а вредноста на тие предмети да им ја исплати тој во пари во рокот што го определил судот според околностите.

За така определениот износ овие наследници до исплатата имаат законски залог на деловите од оставината што му се доделени на наследникот кој е должен да им ја изврши исплатата.

Ако исплатата не им била извршена во рокот, тие имаат право да бараат наплата на своето побарување или предавање на предметите, кои инаку би им припаднале на име на наследен дел.

Обврска за заштитување меѓу
наследниците по делбата

Член 143

На секој наследник другите наследници му одговараат по силата на законот ако некое трето лице, повикувајќи се на некое право засновано пред делбата, би му одзело предмет што е ставен во неговиот наследен дел, или инаку би го намалило неговото право.

Тие гарантираат, исто така, дека предметите ставени во неговиот дел немаат скриени недостатоци.

Наследниците гарантираат дека побарувањето на оставителот ставено во делот на еден наследник постои и дека ќе може да се наплати од должникот до износот што му е ставен во делот.

Обврската на гаранција за постоење и наплатливост на побарувањето трае три години по завршената делба, а за побарувањата што пристигнуваат по делбата, таа трае три години од пристигнувањето на обврската.

Во сите случаи на гаранција според овој член секој наследник гарантира и долгува недоместок сразмерно со својот наследен дел.

Глава петта

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Порано отворени наследства

Член 144

На наследствата што се отворени до влегување во сила на овој закон, а кои не се решени, ќе се применуваат прописите што важеле до неговото влегување во сила.

Член 145

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за наследувањето ("Службен весник на СРМ" број 35/73 и 27/78), освен одредбата од член 35 од Законот за наследувањето која ќе се применува до донесувањето на закон со кој ќе се регулираат сопственичките односи и одредбите од членовите 109 до 126 кои ќе се применуваат до донесувањето на закон за облигационите односи на Република Македонија.

ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА НА ЗАКОНОТ

Член 146

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

927.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ МЕЃУНАРОДНОТО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА „ПРОЕКТОТ ЗА ТРАНЗИЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИОТ СЕКТОР“

Се прогласува Законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој за реализација на „Проектот за транзиција на здравствениот сектор“,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 септември 1996 година.

Број 08-3088/1
3 септември 1996 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с. р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Тито Петковски, с. р.

ЗАКОН

ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ МЕЃУНАРОДНОТО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА „ПРОЕКТОТ ЗА ТРАНЗИЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИОТ СЕКТОР“.

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Меѓународното здружение за развој со кредит во износ од 11,8 милиони Специјални права на влечење (16,9 милиони САД долари) за реализација на Проектот за транзиција на здравствениот сектор.

Член 2

Условите и начинот на користење на кредитот од член 1 на овој закон ќе се утврдат со договорот кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Меѓународното здружение за развој.

Во име на Република Македонија договорот од став 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

Член 3

Рокот за отплата на кредитот од член 1 на овој закон е 35 години со грејс период од десет години. Кредитот се отплатува во полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 15 јуни и 15 декември секоја година почнувајќи од 15 декември 2006 година.

На неповлечените средства од кредитот се плаќа провизија по стапка што ја пропишува Меѓународното здружение за развој, но не поголема од 0,50% годишно. Провизијата се пресметува 60 дена од денот на влегување во сила на Договорот за кредит до денот на повлекување на средствата.

На повлечениот износ од главнината на кредитот што пристигнува за плаќање се плаќа провизија за услуги по стапка од 0,75% годишно.

Провизијата од ставовите 2 и 3 на овој член се плаќа полугодишно, на 15 јуни и 15 декември секоја година.

Член 4

Република Македонија кредитот од член 1 на овој закон ќе го отплаќа од приходите на Фондот за здравствено осигурување за што ќе се склучи посебен договор меѓу Фондот за здравствено осигурување и Владата на Република Македонија.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

928.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА РАЗВОЈ НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР

Се прогласува Законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој за реализација на Проектот за развој на приватниот сектор,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 септември 1996 година.

Број 08-3087/1
3 септември 1996 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Тито Петковски, с.р.

ЗАКОН
ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА РАЗВОЈ НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Меѓународната банка за обнова и развој со кредит во износ од 18 милиони германски марки за реализација на Проектот за развој на приватниот сектор.

Од вкупниот износ на кредитот, 14 милиони германски марки се наменети за приватниот сектор, а 4 милиони германски марки за индивидуалните земјоделски производители.

Доколку средствата во износ од 4 милиони германски марки бидат целосно искористени од страна на индивидуалните земјоделски производители, тие ќе можат да користат средства и од износот од 14 милиони германски марки кои се наменети за приватниот сектор.

Член 2

Условите и начинот на користење на кредитот од член 1 на овој закон ќе се утврдат со договорот кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој.

Во име на Република Македонија, договорот од став 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии, или од него овластено лице.

Член 3

Рокот за отплата на кредитот од член 1 на овој закон е 20 години со пет години грејс период и променлива каматна стапка – шестмесечен ЛИБОР плус маржа која се утврдува за секој каматен период од страна на Меѓународната банка за обнова и развој.

На неповлечените средства од кредитот се плаќа провизија во износ од 3/4 од еден процент годишно.

Каматата и другите трошоци ќе се плаќаат полугодишно на 15 јануари и 15 јули секоја година.

Член 4

Република Македонија кредитот од член 1 на овој закон ќе го отплатува со средства од Буџетот на Република Македонија.

Сервисирањето на кредитот ќе се врши од средствата кои ќе се формираат со отплата на кредитот од страна на крајните корисници.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

929.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ МЕЃУНАРОДНОТО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА ПОДДРШКА НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ

Се прогласува Законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој за реализација на Проектот за поддршка на индивидуалните земјоделски производители,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 4 септември 1996 година.

Број 08-3108/1
4 септември 1996 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Гligоров, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Тито Петковски, с.р.

ЗАКОН
ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ МЕЃУНАРОДНОТО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА ПОДДРШКА НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Меѓународното здружение за развој со кредит во износ од 7,9 милиони САД долари за реализација на Проектот за поддршка на индвидуалните земјоделски производители.

Член 2

Условите и начинот на користење на кредитот од член 1 на овој закон ќе се утврдат со договорот кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Меѓународното здружение за развој.

Во име на Република Македонија договорот од став 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

Член 3

Рокот за отплата на кредитот од член 1 на овој закон е 35 години вклучувајќи грејс период од десет години. Кредитот се отплатува во полугодишни рати кои пристигнуваат на секој 15 април и 15 октомври секоја година почнувајќи од 15 октомври 2006 година и заклучно со 15 април 2031 година.

На неповлечените средства од кредитот се плаќа провизија по стапка што ја пропишува Меѓународното здружение за развој, но не поголема од 0,50% годишно. Провизијата се пресметува 60 дена од денот на влегување во сила на Договорот за кредит од денот на повлекување на средствата.

На повлечениот износ од главнината на кредитот што пристигнува за плаќање се плаќа провизија за услуги по стапка од 0,75% годишно.

Провизијата од ставовите 2 и 3 на овој член се плаќа полугодишно на 15 април и 15 октомври секоја година.

Член 4

Република Македонија кредитот од член 1 на овој закон ќе го отплатува со средства од Буџетот на Република Македонија.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

930.

Врз основа на член 67 став 1 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 4 септември 1996 година донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За потпретседател на Собранието на Република Македонија се избира

ЦЕЛАДИН МУРАТИ, пратеник во Собранието на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр.08-3107/1
4 септември 1996 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Тито Петковски, с.р.

Врз основа на член 136 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" број 38/91, 46/93 и 55/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 септември 1996 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР – СКОПЈЕ

Се дава согласност на одредбите на Статутот на Јавната здравствена организација Клинички центар – Скопје, што го донесе Управниот одбор на Клиничкиот центар, на седницата одржана на 6 јуни 1996 годниа.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр.08-3154/1
5 септември 1996 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Тито Петковски, с.р.

Врз основа на член 136 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" број 38/91, 46/93 и 55/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 септември 1996 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗАВОД ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА – ШТИП

Се дава согласност на одредбите на Статутот на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита – Штип, што го донесе Управниот одбор на Заводот на седницата одржана на 1 март 1994 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр.08-3153/1
5 септември 1996 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Тито Петковски, с.р.

Огласен дел

ЗАПИШУВАЊЕ ВО СУДСКИОТ РЕГИСТАР

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 2839/96 на регистарска влошка бр. 1-341-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лице овластено за застапување на Централното основно училиште „НАИМ ФРАШЕРИ" п.о. село Делогожда, Струга.

Му престанува овластувањето за застапување на училиштето на лицето Лога Алириза и се брише од судскиот регистар.

Лице овластено за застапување на училиштето е Мустафа Усеини, директор.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 2839/96. (7169)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1963/96 на регистарска влошка бр. 1-8507-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на директор на Претпријатието за производство промет и услуги „КРИСТИ ДКБ" д.о.о. експорт-импрт ул. „Мито Хаџивасилев Јасмин" бр. 40/44, Скопје. д.о.о. „Оранжерии" ц.о. Гевгелија.

Се менува лицето овластено за застапување во внатрешен и НТП: се запишува: Прошев Васил в.д. директор со ограничени овластувања на директорот за заклучување на договори за создавање на права и обврски во денарска противвредност на 20.000 ДЕМ според официјалниот курс на Народна банка на Македонија. За вршење на правото на определениот износ Управниот одобор на друштвото ќе донесе посебна одлука.

Се брише: Зајков Васил В.Д.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1963/96. (7070)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1566/96 на регистарска влошка бр. 1-67917-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето во приватна сопственсот и запишувањето право за вршење работи во надворешно трговското работење на Трговското претпријатие „МЕБЛИК 2" д.о.о. експорт-импорт ул. „Наум Охридски" бр. 36, Скопје.

Претпријатисто е основано со акт за основање од 27.06.1996 год. а основач е Величкова Наташа од Скопје.

Дејности: 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070131, 070132, 070140, 070150, 0702111, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070227, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 110301, 110302, 110303, 110304, 110309, 110909, 110109, 070310, 070320, застапување на странски фирми и реекспорт, посредување во надворешно трговскиот промет, комисиони работи во областа на прометот, консигнациона продажба, меѓународна шпедиција, малограничен промет со Бугарија, Грција, Албанија и Југославија.

Претпријатието во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка.

За обврските стороени во правниот промет со трети лица одговара со сите свои средства.

Лице овластено за застапување во вантрешното и надворешното трговско работење е Величкова Наташа – директор со неограничени овластувања.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1566/96. (7071)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1953/96 на регистарска влошка бр. 1-48453-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на фирма и прецизирање на фирма на Агенцијата за туризам, сообраќај и шпедиција „СЕТКОМ ДВТ" д.о.о. експорт-импорт ул. „Мито Хаџивасилев Јасмин" бр. 20, Скопје.

Досегашниот назив на претпријатието „СЕТКОМ ДВТ" Скопје се менува и во иднина ќе гласи:

Агенција за туризам, сообраќај и шпедиција, „СЕТКОМ ДВТ-РЕНТА КАРТ" д.о.о. експорт-импорт Скопје.

Се врши прецизирање на основачот и во иднина ќе гласи: „СЕТКОМ" д.о.о. експорт-импорт Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1953/96. (7072)

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 2626/96 на регистарска влошка бр. 1-558, го запиша во судскиот регистар проширувањето на дејност на Работната организација во изградба „ВОДОСТОПАНСТВО ПЕЛАГОНИЈА ХИДРОМЕЛИОРАТИВЕН СИСТЕМ СТРЕЖЕВО" – Битола.

Дејности: 08011, 080111, 080112, 080113, 080114, 080119, 08012, 080121, 080122, 080123, 080129, 080190, 080201, 080202.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 2626/96. (7160)

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 3121/95 на регистарска влошка бр. 1-17407, го запиша во судскиот регистар основањето на Претпријатието за производство, услуги, трговија на големо и мало и увоз-извоз „ТЕКОМТЕКС" Друштво со ограничена одговорност со п.о. Битола, ул. „Кочо Чолаков" бр. 34.

Основач: Темелковски Иван од Битола.

Дејности: 011941, 011949, 011990, 012321, 012322, 012323, 012421, 012429, 012522, 012523, 012611, 012612, 012613, 012614, 012621, 012622, 012623, 012624, 012691, 012699, 013114, 013115, 013116, 013500, 020140, 060501, 060502, 060601, 060803, 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070132, 070140, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070229, 070230, 070250, 070260, 030003, 110303, 110309, 070310, 070320.

Полни овластувања, полна одговорност.

Лице овластено за застапување е Темелковски Иван.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 3121/95. (7161)

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 2522/96 на регистарска влошка бр. 1-18660, го запиша во судскиот регистар основањето на Претпријатието за услуги и трговија „АВТО-КАЛЕМ" увоз-извоз Битола п.о. ул. „Даме Груев" бр. 163-а.

Основач: Љубенко Ристевски од Битола.

Дејности: 060501, 060502, 060601, 060602, 070111, 070112, 070113, 070114, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070121, 070122, 070123, 070131, 070132, 070140, 070150, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 080190, 080201, 080202, 080121, 090122, 090123, 090124, 090129, 110109, 110309, 090201, 070310, 070320, услуги во меѓународниот транспорт на стоки и патници, малограничен промет, меѓународна шпедиција, реекспорт.

Претпријатието во правниот промет со трети лица има полна одговорност и полно овластување.

Лице овластено за застапување е Љубенко Ристевски.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 2522/96 (7162)

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 2300/96 на регистарска влошка бр. 1-18564, го запиша во судскиот регистар основањето на Претпријатието за угостителство, производство, услуги и трговија „ГАГИ" увоз-извоз Битола п.о. ул. „23-та" бр. 9.

Основач: Градимир Живковиќ од Битола.

Дејности: 012521, 012522, 012524, 012611, 012613, 012622, 012699, 060501, 060502, 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070131, 070132, 070140, 070150, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 080121, 080122, 080123, 080129, 080190, 080201, 080202, 090150, 090201, 110109, изработка и поправка на предмети од злато, 070310, 070320, услуги во меѓународниот транспорт на стоки и патници, малограничен промет, реекспорт и меѓународна шпедиција.

Претпријатието во правниот промет со трети лица има полна одговорност и полно овластување.

Лице овластено за застапување: Градимир Живковиќ.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 2300/96. (7163)

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 1945/96 на регистарска влошка бр. 1-13260, ја запиша во судскиот регистар промената на основач на Претпријатието за производство, трговија и услуги „ЕТЕРНА-АГРО-ЕКСПОРТ" увоз-извоз Битола, п.о. ул. „Анести Пановски" бр. 49.

Од претпријатието истапува досегашниот основач Методи Лалевски, а пристапаува новиот основач Михајло Лалевски.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 1945/96. (7164)

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 1315/96 на регистарска влошка бр. 1-13260, го запиша во судскиот регистар проширувањето на дејност на Претпријатието за производство, трговија и услуги „ЕТЕРНА-АГРО-ЕКСПОРТ" увоз-извоз Битола, п.о. ул. „Анести Пановски" бр. 49.

Дејности: 110109, 110303, 110909, антикварница, откуп на земјоделски производи, сточарски производи, билки, шумски плодови, печурки, водоземци, сирова кожа, овошје, зеленчук, добиток, живина, полжави и желки.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 1315/96. (7165)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1307/96 на регистарска влошка бр. 1-67879-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на Претпријатието за организирање на забавни игри и игри на среќа „БИНГОВЕГАС" д.о.о. ул. „Г. Чаршија" бр. 8, ДТЦ I кат, Тетово.

Претпријатието како д.о.о. е основано со договор бр. 01-01 од 17.06.1996, а основачи се Насер Мисим од с. Мала Речица, Тетово, Ефтим Таковски од Скопје, бул. „Јане Сандански" бр. 14/1-2 и Љубиша Печеновиќ од Тетово, ул.„21" бр. 6/6.

Дејности: 050100, 050201, 050202, 050203, 050209, 050301, 050302, 060501, 060502, 060503, 080190, 080201, 080202, 090209, 110109, 110302, 110202, 110303, 110309, 110401, 110402, 110403, 110404, 110909, изведување на инвестициони работи во странство, отстапување на инвестициони работи на странско лице во РМ, меѓународен транспорт на стоки и патници во друмскиот сообраќај, посредување и застапување во надворешнотрговскиот промет, работи на меѓународна шпедиција, меѓународни сообраќајни агенциски услуги, вршење на туристички работи со странство.

Во правниот промет со трети лица претпријатието како д.о.о. истапува во свое име и за своја сметка.

За обврските преземени во правниот промет со трети лица претпријатието одговара со целиот свој имот.

Александар Печеновиќ, директор без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1307/96. (7125)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1898/96 на регистарска влошка бр. 1-12768-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на фирма и проширување на дејноста во внатрешен промет на Претпријатието за трговија на големо и мало „СУАТ" д.о.о. експорт-импорт, ул. „Томе Пуре" бр. 1, Скопје.

Претпријатието за трговија на големо и мало „СУАТ" д.о.о. експорт-импорт, ул. „Томе Пуре" бр. 1, Скопје се менува фирмата и во иднина ќе гласи: Претпријатие за трговија на големо и мало „СУАТ" д.о.о. е.л. експорт-импорт, Скопје.

Се проширува дејноста во внатрешен промет со 090121.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1898/96. (7126)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1853/96 на регистарска влошка бр. 1-35508-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на име на фирма и проширување на дејноста во внатрешен промет на Претпријатието за производство, промет и услуги на големо и мало „ГОГИ" увоз-извоз, с. Лешок, Тетово.

„ГОГИ" претпријатие за производство, промет и услуги на големо и мало, увоз-извоз, с. Лешок, Тетово се менува име на фирмата и во иднина ќе гласи: „ГОГИ" д.о.о. е.л. претпријатие за прозводство, промет и услуги на големо и мало, увоз-извоз, с. Лешок, Тетово.

Се проширува дејноста во внатрешен промет: 050301, 050209.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1853/96. (7127)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1763/96 на регистарска влошка бр. 1-44275-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на основач на Претпријатието за туризам, трговија и услуги „АСКО КОМЕРЦ" п.о. експорт-импорт, ул. „Мак. Кос. Бригада" бр. 1/3, Скопје.

Пристапува основачот: Претпријатие за внатрешна и надворешна трговија и транспорт „ЕУРОПА-ЕКСПРЕС", Битола.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1763/96. (7128)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 842/96 на регистарска влошка бр. 1-10285-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на директор на Претпријатието за производство и промет на големо и мало „МИСТ" д.о.о. увоз-извоз, ул. „Коце Металец" бр. 1/ѓ, 1-2, Скопје.

Се запишува: промена на лице овластено за застапување во внатрешен и надворешно-трговски промет.

Се брише: Талески Владимир, директор без ограничување.

Се запишува: Талески Милорад, директор без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 842/96. (7129)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1256/96 на регистарска влошка бр. 1-17880-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на основа и запишување на прокурист во внатрешен и надворешен трговски промет на Трговското претпријатие „СОМБОР" А.Д., бул. „Трета Македонска Бригада" б.б., Скопје.

Се запишува: Промена на основачи со одлука од 13.06.1996 год, истапува Д.Д. ПК „СОМБОР" ХОЛДИНГ ц.о. со п.о. ул. „Венац Радомир Путник" 1 а пристапува Претпријатието за финансиски консалтинг – истражување и застапување „МЕГА ХОЛДИНГ КОМПАНИ" д.о.о. ул. „Јуриј Гагарин" бр. 45/1-9, Скопје.

Се запишува прокурист во внатрешен и надворешен трговски промет.

Се запишува Боцевски Јордан, прокурист овластен да склучува договори и да врши други правни работи и дејствија во врска со работењето на претпријатието. Прокуриата не содржи овластување за склучување на договори што се однесуваат на отуѓување на недвижни предмети.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1256/96. (7130)

МАЛИ ОГЛАСИ

Се огласуваат за неважни следните печати:

Тркалезен печат под назив: „Претпријатие за внатрешен и надворешен промет „Данвил – Компани" ц.о. – Скопје". (4242)

Тркалезен печат и штембил под назив: „Претпријатие за трговија на големо и мало „Север комерц" д.о.о. експорт-импорт – Скопје". (4243)

Тркалезен печат и штембил под назив: „Абел-Инженеринг" д.о.о. – Претпријатие за производство и промет на големо и мало, увоз-извоз – Скопје". (4244)

Тркалезен печат под назив: „Претпријатие за производство, земјоделие, трговија, угостителство и туризам „Садком – Траде" експорт-импорт ц.о. – с. Г. Оризари, Титов Велес". (4327)

Тркалезен печат и штембил под назив: „Претпријатие за производство промет и услуги „Спленди" д.о.о. извоз-увоз – Скопје". (4328)

Тркалезниот печат под назив: „Градежно претпријатие „Бетон" – Радовиш" А.Д. Ц.О. – Радовиш" кој е нумериран со реден број 1. (4333)

Тркалезен печат под назив: „Радиодифузно претпријатие Радио станица канал 4, д.о.о. – Скопје". (4346)

Тркалезен печат под назив: „Претпријатие за производство, промет и услуги „Мис-с" извоз – увоз ц.о. – Скопје". (4360)

Тркалезен печат и штембил под назив: „Месна заедница – с. Мрзенци – Општина Гевгелија". (4350)

Се огласуваат за неважни следните документи:

